Центар за Институционален Развој (ЦИРа)

www.cira.org.mk

# Зголемување на активностите за економско образование на жените во Берово, Струга и Гевгелија: Проценка

Dime Anicin 9
1000 Skopje, Makedonija
Tel: 389-2-3 114-855
Faks: 389-2-3 214-132
cira@cira.org.mk ; www.cira.org.mk

*Центар за Институционален Развој (ЦИРа)*

# Зголемување на активностите за економско образование на жените во Берово, Струга и Гевгелија: Проценка

Подготвено од Центар за институционален развој - ЦИРа:

- Кристина Хаџи-Василева
Раководител за развој на заедници
- Гордана Стефковска - Вељановска
Координатор на програмата

## Изјава за капацитетот на ЦИРа

ЦИРа е независна, невладина организација основана во септември 2003. Мисијата на Центарот за институционален развој е насочена кон јакнење на капацитетите на граѓанското општество и локалните заедници за постигнување на значителни општествени промени. ЦИРа се труди да ги достигне овие цели преку зајакнување на капацитетите на локалните засегнати страни, со промовирање на учеството на јавноста и помош при мобилизирањето на локалните ресурси за да се решат проблеми на ниво на заедницата.

Најјака страна на ЦИРа е нејзиниот пристапот на градење на капацитети којшто се заснова на партиципативна и клиентски-скроена методологија. Овој пристап опфаќа повеќе елементи, како што се: анализа на ситуации и проценки, техничка помош и поддршка заснована на содржина/фокус на област, упатства, насоки, организациско јакнење и институционален развој.

Персоналот на ЦИРа има испорачано голем број на обуки и консултантски услуги за програми за развој во Македонија и регионот на Југо-источна европа (ЈИЕ). Меѓу овие организации се вбројуваат: ФОСИМ, ОБСЕ, проектот НАДЕЖ, Хандицап Интернатионал, ДАИ, АРЦ, ИПК, Ацтед, ЕЦМИ, ДРЦ, итн. ЦИРа има подготвено прирачници и материјали за повеќе од 25 различни модули за обуки. Во просториите на ЦИРа, лоцирани во центарот на Скопје, има функционална и целосно опремена просторија за обуки и конференции која може да прими до 20 учесници.

25-те модули за обуки понудени од ЦИРа се сеопфатни и поврзани со сите аспекти на добро раководење. Тие може да се прилагодат за различни слушатели - здруженија на граѓани, владини институции, приватни бизнис компании или индивидуалци.

Персоналот на ЦИРа има значително искуство во основање тимови на обучувачи од групи на неискусни, но активно вклучени индивидуалци во развојот на НВО секторот и воедно редовно има организирано програми за Тренинг на тренери за НВОи, меѓународни организации и институции.

ЦИРа е исто така обврзана да обезбедува поддршка и техничка помош на граѓански организации и други ентитети преку:

- **Развој на граѓанско општество**

  - Почнувајќи од јули 2005, ЦИРа има задача да спроведе три компоненти од Програмата донирана од УСАИД: "Програма за јакнење на граѓанското општество во Република Македонија". Општата цел на оваа Програма е секторот граѓанско општество да се подигне на нови нивоа на легитимност, одговорност и подготвеност, и да претставува орудие кое ќе им помогне на граѓаните ефективно да го користат секторот на граѓански здруженија, за

да ги искажат своите приорити, да ги разработат на конструктивен начин и владата да биде одговорна за одлуките кои произлегле од тоа.

- ЦИРа е посветена на иницирање, истражување и лобирање со цел да се креира законска регулатива која ќе го поддржува граѓанскиот сектор. Ова вклучува: процеси на застапување и лобирање насочени кон промоција на локалната хуманост/добротворност, даночно олеснување за индивидуалци и бизнисмени кои се волни да донираат на здруженија на граѓани, промоција на општествено одговорни бизниси, промоција на волонтеризам, градење на локална поддршка на инфраструктурата на граѓанските организации и други механизми што придонесува кон креирање на енергичен и одржлив граѓански сектор во Македонија.

## Проценки на организации и истражување

Во рамките на оваа област ЦИРа има подготвено:

- Извештајот на УСАИД 2004, Индекс на одржливост на граѓански организации во Република Македонија
- Студија за проценка на потребите на пет пилот општини во РМ за иницијалната програма за советодавна поддршка на земјоделството во Република Македонија.
- Организациска проценка на студентски и младински организации во Македонија за потребите на Фондацијата Институт отворено општество Македонија. Извештајот дава преглед на потребите за градење на капацитети на 12 студентски и младински организации во Македонија.
- Проценка на потреби за обука на граѓански организации кои работат на ХИВ/СИДА прашања во Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора и Македонија за Проектот "Надеж".

## Обуки и градење на капацитети

- Во рамките на Програмата за Демократска Соработка на УСАИД се организираа и спроведоа преку 200 обуки во 25 различни тренинг области за 350 НВОи
- Заедно со Хандицап Интернационал, Македонија, се спроведоа серии на 12 обуки за НВОи кои поддржуваат луѓе со пречки во развој. Беа опфатени следниве теми: раководење со проектен циклус, стратешко планирање, односи со јавност и медиуми, застапување и лобирање, лидерство, вештини на фацилитирање и др.
- Обуки таргетираа групи на млади за прашања кои се однесуваат на младите и младинска политика и застапување, активизам на заедницата и мобилизирање на локални ресурси. Градење на капацитетите на волонтерските центри во 4 заедници во Македонија, финансирано од ОБСЕ.

- Различни видови на обуки за центрите за поддршка на НВОи во 8 неразвиени општини во Македонија, ФИООМ.
- Обука за програмите и персоналот на меѓународни организации во Македонија, вклучувајќи ги ДРЦ, Проектот Надеж, ОБСЕ, ИПК и др.

- **Развој на локалната заедница**
  - Проекти за Развој на заедницата кои целат кон промовирање и создавање на неформални групи на граѓани кои во своето членство ќе имаат граѓани, претставници на НВОи и локални институции (општини, училишта и сл). Активностите на Проектот опфаќаат и подготвување и спроведење на Акциски планови на заедниците кои воедно ќе претставуваат планови за развој на општините. Во последните две години ИТЗ/ЦИРа обезбеди имплементација на проекти за развој на заедниците и обуки за три Ромски заедници (Тризла во Прилеп, Баир во Битола и Делчево)
  - Вовед и создавање на различни локални акциски планови
  - ЦИРа има обезбедено поддршка на Проектот за Реформи во локалната самоуправа на УСАИД како и проектот којшто го наследи “Проект за успешна децентрализација” (ДАИ) со фацилитирање на сесии со претставници од општините, создавање на етички кодекс за 4 општини, развој на граѓански повелби во две општини и развој на планови за опфат на целната група за центрите за информирање на граѓани во неколку општини.

- **Програми за Роми**

  - Во периодот од јули 2005 - декември 2005, ЦИРа беше одговорна за менаџирање на Програмата за развој на човечки капацитети на ромски НВОи и ромската деловна заедница, поддржана од УСАИД, којашто таргетира и работи со блиску 30 Ромски НВОи низ Република Македонија. Оние НВОи кои учествуваа во оваа програма имаа можност да ги зајакнат нивните човечки капацитети преку стандардизирани/скроени обуки, И работилници. Оние НВОи кои имаа најдобри резултати се здобија со можност да аплицираат за мали грантови, со цел да се поддржат нивните идни активности. На крајот, одредени членови од НВОи, отидоа на специјално изготвен студиски престој надвор од Македонија.

  - Во изминатите две години ИСЦ/ЦИРАа помагаа при имплементацијата на проекти за развој на заедницата и спроведоа обука за три ромски заедници (Тризла во Прилеп, Баир во Битола и Делчево).

  - Во 2003 и 2004 ЦИРа спроведе пилот проекти со две ромски Заедници во Скопје “Кланица”и “Злокуќани”. Проектот ги анализираше социјалните и економски услови на заедницата која собира отпад. Исто така се анализираа и методите на собирање отпад со надеж да се

идентификуваат опции како овие методи да бидат подобрени.

- **Техничка помош и водење/давање насоки во:**
  - *Прашања кои се однесуваат на родот и маргинализиранте групи* - иницирање и промовирање на соодветни локални сервиси за ранливи групи како што се луѓе со пречки во развојот, деца, стари лица, жени, жртви на ХИВ/СИДА, малцинства, жртви на насилство, деликвенти малолетници и други. Со цел да се постигне ова, ЦИРа го има одбрано пристапот на јакнење на капацитети и стекнување знаења и вештини на локалните НВОи кои би можеле да ги обезбедат бараните услуги да ги дополнат и поддржат веќе обезбедените владини услуги и да ја зајакнат соработката помеѓу локалните заедници, НВОи и локалните општински власти во обезбедување на овие услуги.
  - *Борба против трговија со луѓе* - Техничка помош и давање упатства за НВОи, институции и заедници кои работат на проблемот на трговија со луѓе**.**
  - *Вклученост на младите* - Поддршка на НВОи, институции и заедници кои работат на младински прашања, особено во следниве области: креирање на Стратегија за млади на национално и локално ниво, стратегии за вработување на млади и соработка со локални бизнисмени, локална власт и националните институции.
  - *Информациска технологија* - Промовирање на употреба на информациски и комуникациски технологии за поефективно менаџирање/раководење на граѓанските организации и спроведување на проекти.

**СОДРЖИНА**

**МЕТОДОЛОГИЈА** .......... **7**

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** .......... **7**

**МОМЕНТАЛНАТА СИТУАЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА ЕКОНОМСКОТО УЧЕСТВО НА ЖЕНАТА...** ERROR! BOOKMARK NOT DEFINED.

Законодавство и механизми за специфично родово учество .......... **Error! Bookmark not defined.**

*Влијанието на децентрализацијата* .......... ***Error! Bookmark not defined.***

Фискална Децентрализација и воведување на родот во главните текови **Error! Bookmark not defined.**

Главни ограничувања за економски развој на локално ниво**Error! Bookmark not defined.**

**ПРОЦЕСОТ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ КОН ЕУ И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ РОДОВОТО ЗАЈАКНУВАЊЕ ВО ДРУГИ ЗЕМЈИ** .......... ERROR! BOOKMARK NOT DEFINED.

Скандинавски модел .......... **Error! Bookmark not defined.**

*Проценување и мониторинг на состојбата* .......... ***Error! Bookmark not defined.***

Најдобри модели во пракса и стандардите на ЕУ **Error! Bookmark not defined.**

Предложени области за практично подобрување .......... **Error! Bookmark not defined.**

**ПРОЦЕНКА НА СЕГАШНАТА СИТУАЦИЈА ВО ОДНОС НА ПОЛИТИКАТА НА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ И ПРАКСАТА НА ЛОКАЛНО НИВО ВО БЕРОВО, ГЕВГЕЛИЈА И СТРУГА** .......... ERROR! BOOKMARK NOT DEFINED.

Демографија на населението, невработеноста и природните ресурси во општините .......... **Error! Bookmark not defined.**

*Приоритети за зајакнување на општините* .......... ***Error! Bookmark not defined.***

Родови механизми во локалната самоуправа: можности да се влијае на донесувањето одлуки .......... **Error! Bookmark not defined.**

**ПРЕПОРАКИ ЗА ПОД-ПРОЕКТНА СТРАТЕГИЈА** .......... ERROR! BOOKMARK NOT DEFINED.

**ДИЗАЈН НА ОБУКАТА** .......... **46**

## Методологија

Оваа проценка се фокусираше на три географски области: општините Берово, Струга и Гевгелија. Во овие општини, УНДП презема активности за економски развој, кои се спроведуваат преку локалните канцеларии на УНДП, именувани како Локални агенции развој (ЛАР). На почетокот беа разгледани документи и прашалници собрани од страна на УНДП, за да се постави основата на анализата. Исто така се консултираа и други истражувања на претходната состојба и публикации. Според исходот на резултатите се идентификуваа дополнителни области на истражување и се подготвија дополнителни квалитативни проценки.

Покрај формалното истражување, се посетија целните општини. Беа извршени интервјуа со засегнатите страни во заедницата (жени, Локални агенции за развој, преставници на локалната самоуправа, локални претпријатија, локални НВО итн.).

Истражувањето беше сосредоточено на областите во кои локалните жени беа вклучени во стопанството како успешни преприемачи, претпријатија раководени од жени, женски НВОи итн. Проценката ги испита постоечката родова политика, програмите, акционите планови на трите локални самоуправи и институции, организациите на граѓанското општество, приватни претпријатија и Локалните агенции за развој. Анализите вклучуваа и откривање како овие области на економијата напредуваат во праксата. Проценката се фокусира на постоечките родови механизми во трите локални заедници. Степенот на спроведувањес на овие механизми е анализиран и се забележува напредок во проблематичните области.

Дополнителни информации беа собрани од публикациите на ЕУ и други клучни институции за истражување на родовите со цел да се одредат најдобрите модели од праксата за родово вклучување и платформи за акција за реформа на политиката. Локалните партнери беа консултирани како и членови на централните власти и национални институции.

Податоците, засновани и на квантитативни и на квалитативни наоди, беа анализирани. Заклучоците се поднесени во оваа проценка.

## Извршно резиме

Проценетите локации (Берово, Гевгелија и Струга) се карактеризираат со политичка нестабилност, слаби институции и потешкотии во напорите да

ги трансформираат нивните стопанства. Транзицијата кон пазарна економија беше одложена во овие заедници поради политичката промена и бавниот процес на приватизација.

Овие промени не се родово-неутрални. Жените го апсорбираа шокот на прилагодувањето со преземање на нови улоги во одговорностите во семејството вклучувајќи и промени во кариерата и самовработување. Многу жени ја зголемија количината на работа и почнаа да прифаќаат слабо платени и нелегални работни места поради отпуштањата и кратењата во буџетите на основните јавни служби како што се образованието, социјалните служби и здравствената заштита.

Во однос на стопанството, родовата еднаквост е засегната од други прашања: постоењето на родова пристрасност во неформалните пазари; и зголемениот притисок врз времето на жените кој има негативно влијание врз здравјето и благосостојбата на жените.

Се претпоставува дека постојат некои заеднички карактеристики меѓу жените во трите општини. Идентификувањето на овие заеднички теми и интереси ќе помогне да се подобри економскиот, општествениот и политичкиот статус на жените кои живеат во Македонија.

Потребите на жените и потешкотиите со кои се соочуваат потпаѓаат во три главни области:

- Учество на жените во политиката
- Економски можности за жените
- Женски активизам

*Учество на жените во политиката и улога во донесувањето на одлуки:* жените сеуште се недоволно застапени во политиката и на национално и на локално ниво. Сепак, ситуацијата постепено се подобрува благодарение на скоро усвоената легислатива. Во Берово, жените се претставени во политиката и исто така држат некои од највисоките функции на локално ниво (суд, училишта, подрачно министерство за труд и социјална политика, фонд за здравство, управа за приходи итн.). Како и да е, и покрај усвојувањето на меѓународните стандарди за еднакви можност за жените, стандардите *де факто* не се почитуваат. Принципите за воведување на родот во главните текови се нашироко признати помеѓу заинтересираните страни, но, заостанува практичното спроведување.

Законот за еднакви можности, за кој во моментов се дебатира во владата, е позитивен чекор напред. Зајакнувањето на родовата еднаквост на локално

ниво бара од локалните власти да основаат или да ги зајакнат комисиите за родова еднаквост.

Едно од главните прашања во родовата еднаквост е недостатокот од формални *економски можност за жените.* Мнозинството од жените во трите општини се или формално невработени или неформално превработени. Статистиките добиени од локалните агенции за вработување во сите три општини, како и од Извештајот на Република Македонија за милениумските цели за развој објавен во јуни 2005, покажуваат дека жените се помалку вработени од мажите. Од друга страна, податоците добиени од интервјуата на терен покажуваат дека жените или учествуваат во семејните бизниси за кои не се платени или се вработени во (главно) текстилни фабрики со долго работно време и минимални плати. Овие информации одат во прилог на теоријата за феминизација на сиромаштијата забележана во регионот. Битно е за жените да бидат вклучени во планирањето на локалниот економски развој. Жените кои бараат да станат вклучени во стопанството треба да почнат задруги како основни средства за започнување на економска активност. Ова посебно важи за жените производители на стари занаети и традиционални вештини. Жените исто имаат потреба од посебни олеснувања и помош за да започнат нивни сопствени бизниси.

Локалната самоуправа заедно со институциите и организациите (Локални агенции за развој, НВО итн.) треба да охрабрат и овозможат услови за жените да станат вклучени во економскиот развој.

*Женскиот активизам* е мултидимензионална сфера која е поврзана и со политичкото и со економското учество. Активизмот не вклучува само присуство во политичката или економската моќ, туку исто така и употребата на таа моќ за да се промовираат идеите за родова еднаквост, да се мотивираат други жени да учествуваат и да се борат за многу теми како што се здравството, образованието, социјалното осигурување и домот. Активизмот треба да ја поткрене свесноста на жените за нивните права, како и да ја поддржи нивната способност да ги бараат овие права во постоечките институции. Активизмот исто така треба да вклучи охрабрување на медиумите да произедуваат повеќе позитивни слики за жените и да ги промовираат вредностите на родовата еднаквост за целото општество. Претставниците на печатот треба да бидат почувствителни на темите за родова еднаквост. Активизмот е предизвикувачка динамика и му треба сериозно внимание од жените во политиката, бизнисот и посебно од жените кои учествуваат во граѓанскиот сектор.

Во други области жените треба да се охрабруваат да преземат улога во професионалните асоцијации, да преземат одлучувачки улоги и да ги предизвикаат промените. Жените треба да оформат партнерства и да лобираат кај локалните и државните власти, подеднакво и за ново и за подобрено законодавство, за да влијаат на измените во оваа област. Покрај законодавните измени, жените треба да ги активираат локалните власти да најдат место за нив и во економските активности. Активизмот ги лоцира пречките на кои наидуваат жените во однос на вработувањето. Измените, предизвикани со активизмот, треба да ги поттикнат и поддржат жените во претприемништвото, вклучувајќи ја и обуката и пристапот до кредити. Локалните и националните женски НВОи треба да имаат силно членство кое ќе ги искаже вистинските потреби на жените во нивната заедница. НВОите треба да подготват јасна листа на приоритети и активности за соочување со прашања и за решавање проблеми. Организациските портпароли треба да ги употребат механизмите и алатките кои им се достапни (комитети за родова еднаквост, соседни единици на локална самоуправа, канцеларии за родова еднаквост, здруженија на потрошувачи, финансиски комисии итн.) за да ги постигнат своите цели. Што се однесува подетално за Берово, Струга и Гевгелија, невладиниот сектор треба да ги советува жените кои бараат економска активност да се насочат кон областа на процесирање (економски поисплатлива опција) наместо да продаваат сурови или свежи материјали.

Локалните агенции за развој, оформени од УНДП во Берово, Струга и Гевгелија треба активно да го промовираат учеството и лидерството на жените во локалните здруженија.

Соработката со Здружението на општини да се уреди со внатрешни регулативи или да се постави на други формални начини (како што се совети, договори за соработка) што може да се сметаат за алатки при лобирање за одредени теми (род, економија). И локалните и државните власти треба да го консолидираат и приоретизираат законодавството кое се однесува на економското учество на жената и да преземат конкретни акции за да се создадат реални услови за такво учество.

## Моменталната ситуација во Македонија во однос на економското учество на жената

### *Законодавство и механизми за специфично родово учество*

Основниот принцип кој стои во основата на концептот на родова еднаквост е еднаков третман на индивидуалните човечки битија. Може да се каже

дека една држава го усвоила владеењето на правото само кога ќе се исполнат одреден број на услови. Прво, секој граѓанин треба да е свесен за своите права; законите треба да се јавни. Покрај тоа, трба да се преземат активности за подигање на свесноста и да се образуваат луѓето за нивните права и одговорности. Второ, секој е еднаков пред законот. Сите граѓани треба да се третираат на фер начин и треба да знаат какви страндарди на однесување да очекуваат.

Во овој контекст, се случија поголеми измени во законодавството во изминативе 10-15 години, по распадот на Југославија. Уставот на Македонија претставува голем законодавен напор за формирање на правна рамка за заштита и почитување на демократските права на граѓаните. Македонскиот Устав ги поставува основните прописи дека сите граѓани се еднакви пред законот, без разлика на полот, расата и бојата на кожата, националното или општественото потекло, како и политичка определба или вероисповест и општествена и финансиска позиција. Други закони го дополнуваат Уставот и ги поставуваат правата на граѓаните во посебни области.

Чудно, реалноста покажува ниско учество на жените во политиката; сепак, ситуацијата постојано се подобрува како резултат на напорите на многубројните граѓански здруженија. Ова е еден пример каде градењето на коалиција во секторот на граѓанско општество, политички партии и други релевантни организации се покажа исплатливо.

Овие коалиции беа најголемата сила која ги иницираше и лобираше измените во законите за Локални и парламентарни избори во Македонија - да се зголеми учеството на жените. Законите за парламентарни и локални избори велат дека предложените листи на кандидати треба да вклучат најмалку 30 % на родов баланс. Застапниците сфатија дека одредбата сепак може да биде погубна за жените ако тие не се соодветно распоредени на листите. Групи од граѓанското општество успеаја да приложат амандмани на некои од овие закони, со што кандидатските листи треба да имаат 30% баланс и во горните и во долните делови на листата. Како резултат на тоа, бројот на жените во општинските градски совети значително се зголеми, со што стана возможно тие да ги искажат потребите (посебно оние поврзани со економијата) на женските членови на заедницата.

Владината одлука да оформи Одделение за промовирање на родовата еднаквост во Министерството за труд и социјална политика, како дел од активностите во рамките на Родовата акциона група беше позитивен чекор напред. Во 2005, Одделот подготви предлог “Закон за еднакви можности”,

кој недоамна беше усвоен во Собранието и со кој се бара оформување на родови комисии на локално ниво во рамките на локалните самоуправи.

Овакви комисии се оформени во 16 општини низ Македонија. Тие често се состојат од членови (главно жени) на општинските совети. Струга и Берово, две заедници опфатени со овој извештај имаат вакви комисии. Разговорот со локалните власти во Берово потврди дека иако постои родовата комисија, таа сеуште не е активна. Во Струга, комисијата беше преструктуирана во март 2004 со претставници од ново-избраниот општински совет. Комисијата разви акционен план кој опфаќа период од шест месеци; сепак, сите нивни планови се поврзани со проектни активности финансирани од страна на надворешен извор. Програмата е иницирана од страна на Сојузот на организации на жените во Македонија, финансирана од програмата на ОБСЕ за Поддршка на институционализацијата на комисијата за родова еднаквост. ОБСЕ ги поддржува овие комисии за тие да постигнат неколку цели: да се вклучат во донесувањето на одлуки на локално ниво, да се постигне еднаков третман на жените и мажите, да се обучат за воведување на родот во главните текови, да се иницираат проекти за борба против домашното насилство и трговијата со луѓе и да обезбедат бесплатни здравствени услуги за невработените жени. Во пракса комисиите се поврзани со услуги кои не спаѓаат во рамките на нивната мисија и главната цел на нивното постоење. Авторите на овој извештај мислат дека родовите комисии треба да имаат поголемо влијание врз политичките и влијателните тела и врз процесот на донесување одлуки. Комисиите треба да ги убедат локалните власти да подготват конкретни мерки за подобрување на статусот на жената во сите сфери на нејзиниот живот. Се разбира, ова може да се вклучи и улога на набљудувачи за родовите програми во заедницата; сепак, комисиите не треба да спроведеат директни проектни активности. Овие комисии треба да осигураат дека родот е внесен во главните текови во сите активности на локалните самоуправи.

**Влијанието на децентрализацијата**

Една од поголемите промени која се случува моментално во земјата е процесот на префрлање на надлежностите од централната влада на локално ниво. Во Македонија, Министерството за локална самоуправа беше основано во 1998, со мандат да ги изготви, спроведе и координира реформите во системот на локална самоуправа.

Врз основа на вистинската потреба од реформа на локалната самоуправа, во ноември 1999 македонската влада ја усови Стратегијата за реформа на локалната самоуправа. Сепак, до 2001, не беа преземени значителни чекори

во однос на Стратегијата. Во јануари 2002, македонското Собрание го усвои Законот за локална смоуправа обезбедувајќи цврста законска рамка за основање на нов систем на локална смоуправа. Со цел да се продолжи процесот на децентрализација, во февруари 2003 беше одобрена Оперативна програма за децентрализација на моќта, која се фокусира на создавање на нормативни предуслови за трансфер на надлежностите од централно на локално ниво.

И покрај тоа што законите за локална самоуправа не ги споменуваат посебно прашањата поврзани со родот, го формализираат директното учество на граѓаните во донесувањето на одлуки на локално ниво. Одредбите од овие закони ги обврзуваат општините да ги информираат граѓаните за одлуките кои се носат како и да го почитуваат правото на граѓаните да имаат влијание врз тие одлуки.

Граѓанските мислења можат да бидат поднесени индивидуално и колективно, како и директно или преку претставниците за кои тие гласаат на локалните избори. Законите уредуваат дека општините треба да развијат механизми за информирање на граѓаните во неколку области: процедура за пополнување на жалби и барања во однос на функционирањето на општинските тела, методи за организирање на јавни расправи и методи за прегледување и собирање на граѓанските барања.

Градоначалникот е обврзан не само да ги ислуша барањата на граѓаните, туку тој/таа мора, исто така, да одговори на жалбите и барањата во одреден временски рок (90 дена). Во продолжение, советот на општината може да постави статутарни или привремени комитети, со цел да се разгледуваат прашањата и да се дефинираат предлози. Примери за такви комитети се комитетот за односи меѓу заедниците за етнички мешаните заедници или советот за заштита на потрошувачите (задолжително според македонскиот Закон за локална самоуправа).

Сепак, и покрај овие напори, воведувањето на родот во главните текови во локалната самоуправа беше запоставено и не беа воведени посебни алатки за да се реши овој проблем, освен родовите комисии. Од друга страна, ова може да се види како можност бидејќи легислативата овозможува слобода за локалната самоуправа да биде креативна во согледувањето на потребите на жените и вклучување на нивното мислење кога се донесуваат одлуките.

***Фискална децентрализација и воведување на родот во главните општествени текови***

Треба да се забележи дека важен дел од процесот на децентрализација во Македонија е фискалната децентрализација. Таа започна со првите чекори

на спроведување на 1 јули 2005. Имплементацијата вклучува смена на одговорностите за трошоци и приходи на ниво на локалната самоуправа. Следствено, за прв пат по усвојувањето на Законот за локална самоуправа во јануари 2002, општините нема да ги добијат само традиционално делегираните надлежности, туку исто така ќе имаат и право независно да раководат со своите приходи.

Најверојатно овој процес ќе биде тежок и ќе одземе многу време заради наследените долгови во многу од единиците на локалната самоуправа. Од друга страна тој обезбедува основа за воведување на родот во главните општествени текови и поддршка на буџетирањето на родовите активности на локално ниво. Како што беше истакнато порано, регулативата во Македонија обезбедува основни механизми за граѓаните да влијаат врз проблемите, но малку во однос на посебните механизми за унапредување на позицијата на жените на локално ниво. Законот за еднакви можности, кога ќе се усвои, може да ја подобри ситуацијата; сепак, до тогаш, ќе зависат од волјата на владеачките тела да го поставт како приоритет во нивната заедница.

Во моментов, силниот притисок од женските групи, тела и советодавни комитети може да влијае локалните самоуправи да преземат некои дејства. Локалните власти можат да ги идентификуваат приоритетите според посебните родови потреби, да поддржат иницијативи за зајакнување на жените и да назначат ресурси за конкретни сервиси насочени кон женското население.

*Главни ограничувања за економскиот развој на локално ниво*

Невработеноста на жените е клучен проблем кај сите три избрани општини. Генерално, стапката на невработеност е повисока кај жените отколку кај мажите. Уделот на жените во неактивното население е 62.1%, додека уделот на мажите е 37.9% (извор: Извештај на Република Македонија за развојот на милениумските цели, јуни 2005) Поголемиот дел на вработени жени се во најслабо платените сектори, а многу жени работат во неформалниот сектор без да се пријавени.

Високите стапки на невработеност се резултат од тешката економска ситуација која влијае и на мажите и на жените. Затворањето или стечајот на поголемите фабрики (пр. текстил, мебел, чевли и тн.) каде што порано беа вработени поголемиот број на жени од овие општини е еден од најголемите фактори. Понатаму, жените кои имаат формални можности да работат, често работат во услови под стандардните и се соочуваат со експлоатација. Тие се често многу слабо платени за долги часови на напорна работа, без никакви бенефиции, најчесто во текстилните фабрики.

Проблемот на невработеност се дополнува со се уште многу цврстите традиционални вредности во некои заедници. Традиционално, жените се перцепираат како мајки и хранителки, а не како работнички. Интервјуата потврдија дека ова е посебно точно кај жените земјоделци, кои и покрај тоа што работат напорно не се вклучени во ниедна фаза на донесување на одлуки. Освен тоа, жените често не ја наследуваат земјата и другиот имот, со што имаат пониска почетна позиција за започнување со економски активности.

Исто така е важно да се забележи дека невработеноста на жената има дополнително влијание врз општиот статус на жената: ограничени на домашната улога, финансискиот статус на жената и следствено општествениот статус се намалени. Почитта и улогата на моќ во семејството и/или заедницата не се споделуваат секогаш со жените.

Друго нерешено прашање во Македонија е преносот на државната сопственост на единиците на локалната самоуправа. Новоздобиениот имот може да биде дополнителен извор на приход за општинските буџети. Кога има повеќе пари, има и повеќе работни места. Во оваа област, општините се обврзани да обезбедат соодветна и рамноправна застапеност на граѓаните во сите области на општински развој.

Најважно е тоа што локалниот економски развој е сега надлежност на општината. Следствено, општината е таа која ја има одговорноста да создава соодветни услови и позитивна клима за подобрување на локалната економија. Откако ќе се изврши преносот на имот во единиците на локална самоуправа, идеално, новата власт тогаш ќе ги понуди локациите на локалниот пазар за поддршка на развојот на мали и средни претпријатија. Понатаму овие претпријатија ќе ја зајакнат локалната економија.

Со процесот на децентрализација се делегираа надлежностите за локалниот економски развој на локалните власти. Локалните власти може да ја преземат клучната улога во планирање и спроведење на плановите за вработување. Овие планови може да опфатат активни мерки за пазарот на трудот, развој на локалната инфраструктура, промовирање и поддршка на претприемништвото и сосредоточување врз развојот на мали и средни претпријатија.

Генерално, може да се заклучи дека економскиот и следствено, општествениот статус на жената е во опаѓање заради број на фактори:

- Високо ниво на паѓање во стечај, што води до отпуштање на работници;

- Хоризонтална и вертикална сегрегација на жените на пазарот на трудот;
- Поместување на работната сила, особено на жените, од формална кон неформална економија;
- Исклучување на жените од процесот на приватизација, многу мал број на жени имаат свои фирми (жените почесто се вработени, отколку сопственици);
- Жените поседуваат помалку земја или други средства.

## Процесот на приклучување кон ЕУ и неговото влијание врз родовото зајакнување во другите земји

Пристапот кон родовото прашање кој го имаат заземено жените во Берово, Гевгелија и Струга се чини дека е заснован на комплет на реакции избрани според одредени дејства или ситуации. Изгледа дека соочени со потешкотиите на традиционалните патријархални вредности во семејството и општеството, жените одлучуваат да одберат посуптилен и повеќефазен пристап.

Спротивно на радикалното движење што остави своја трага на феминизмот во земјите како Соединетите Американски Држави, овој пристап личи на социјалистичкото феминистичко движење во скандинавските земји. Во оваа смисла, од помош е да се користи Шведско/Финскиот пристап за компративен модел.

***Скандинавски модел***
Гледајќи на бројот на политички позиции кои се заземени од жени во Скандинавија јасно може да се забележи дека овие земји веќе достигнале забележителен напредок во однос на еднаквите можности. Во април 2000 на пример, Шведска стана првата земја во која жените ги имаат мнозинството места во владата (11 од 20 министерски места); жените исто така сочинуваат 44% од членовите на националниот парламент и околу 45% од регионалните и локалните владини тела, градски и совети на заедници, без никаква квота одредена со закон.

Во текот на доцните 1980ти, во Шведска, беше широко прифатен главниот принцип во однос на родовата политика како позиција на политичкото мнозинство. Принципот беше заснован на идејата дека политиката на родова еднаквост не може да се следи одвоено од другите полиња на политичка активност. Што значи мора да биде испреплетена и поврзана со сите делови на општеството и мора да се прелее низ сите политички нивоа и структури. Врвните политички одлучувачи и администратори го

поддржаа концептот. Од 1994, шведскиот Премиер, во својата годишна изјава за политиката на владата, ги вклучува воведувањето на родот во главните општествени текови и еднаквите можности. Резултатите од овие активности беа официјално документирани. Инструментите за набљудување и оценување се користеа и се уште се користат за да се забележи успехот на мерките преземени од владата во однос на родовата еднаквост.

Во скандинавските земји донесувачите на одлуки од сите нивоа беа и се вклучени во политиката за родова еднаквост како и во придонесувањето при имплементацијата на политичките насоки воведени за родова еднаквост. Во овој контекст пристапот од врвот до дното беше засилен со силни женски организации на локално ниво како што е женската организација “Марта” од Финска којашто постои од 1899. Првичните цели на овие организации беа да ги направат жените, старателите на идните генерации, свесни за политичката ситуација во земјата. Тие се трудеа да ја зголемат самодовербата на жените и нивните знаења и вештини во домаќинството и подигнувањето на семејството. Подоцна, нивните активности се фокусираа на теми како што е квалитетот на животот, благосостојбата и одржливиот развој. Овие организации почнаа да влијаат на донесувачите на одлуки и властите преку активизам. Тие служеа и денес се уште служат како врска помеѓу властите и локалните граѓани.

***Проценување и набљудување на состојбата***

Алатката наречна 3Р- метод (репрезентација, ресурси, реализација) беше развиена за да се подобри анализата на општеството. Податоците се собираат и презентираат на начин кој одговара на сите три области. Најважно прашање кое треба да се одговори во контекст на “репрезентацијата” е: кој е соодветниот (апсолутен и релативен) сооднос на жени и мажи кои учествуваат во донесувањето на одлуки и други процеси во сите општествени нивоа? Второ, “ресурсите” обезбедуваат заклучоци за тоа како ресурсите (финансиски средства, време и простор) се расподелени помеѓу мажите и жените. На крај, тука е следењето на “реализацијата” вклучувајќи дали дистрибуцијата на претставувањето и ресурсите помеѓу жените и мажите соодветствува со принципите и целите на политиката на родова еднаквост. Ако претставувањето и ресурсите не соодветствуваат, се прави анализа за тоа што треба да се смени и како може да биде сменето.

Методи кои ја охрабруваат еднаквоста: 76% од сите жени во Шведска се профитно вработени, додека низ Европа оваа бројка беше само 59% во 1999. Овој факт не значи дека жените имаат исти приходи и можности во кариерата кои ги имаат нивните машки колеги. Како Шведска се справува со овој предизвик? Земјата има конвенционална политика за родова

еднаквост како што е поддршка на жените во секторот на информатичка технологија, поставување на програми за заеми и менторство за жените кои работат на претприемнички иницијативи и програми создадени да ги привлечат жените во занимања каде доминираат мажите. Овој вид на приод може да се префрли во Македонија. Важно е да се направи анализа на сегашните состојби во Македонија како и да се забележи влијанието на Законот за еднакви можности, методите за поттикнување на еднаквоста треба да се постават наскоро за да се поддржи учеството на жените во економијата. Програмите за заеми и менторство би имале позитивен ефект врз Македонија.

Шведска исто така го поддржува воведувањето на родот во главните општествени текови преку законски средства. Различни мерки беа преземени со цел да се поткрене јавната свесност за родовата еднаквост. На пример, вработувачите на десет или повеќе вработени се обврзани да поднесат извештај секоја година за структурата и расподеленоста на исплатените плати. Со објавување на цифрите разграничени по род, поле на занимање и функција/тип на професионална активност, можно е да се направат јасни споредби помеѓу жените и мажите кои работат во истата професија или на слични работни места.

Една од придобивките од ова барање е да се спречи, открие и елиминира дискриминација во платите на жените. Резултатите треба да се сумираат и претстават од вработувачот во годишен акционен план, кој исто така вклучува и пресметка на трошоците за елиминирање на случаи на дискриминација и временска рамка во која ќе се процени должината на времето потребно на компанијата за да ги плати мажите и жените еднакво за иста работа. Ако вработувачот не ги исполни овие стандарди, канцеларијата на Правобранителот за родова еднаквост може да побара од Комитетот за родова еднаквост (составен од адвокати, претставници на индустријата и стручњаци од пазарот на трудот и родовата еднаквост) да одредат посебни мерки кои мора да се спроведат под закана од казнување.

Покрај владината контрола, жените работници можат да го тужат вработувачот кој ги нарушува правилата кои забрануваат дискриминирачка пракса преку граѓанските судови. Ако се утврди дека случајот е валиден, компанијата е принудена да ја плати штетата. Исто така беа воведени додатни програми кои се однесуваат на дискриминацијата во платите (Одредување на плати и степенување на работно место) како и предлог закон за кој се дискутира, кој ги содржи заедно регулативите за дискриминација во плати. Друг иновативен чекор во оваа област е создавањето на маркица за родова еднаквост за претпријатијата и

институциите кои задоволуваат одредени стандарди на родовата еднаквост.

Да заклучиме, во скандинавските земји жените сега имаат релативно силна политичка позиција во однос на тоа дека се избираат за позиции на кои се носат одлуки. Како и да е, тие се се уште недоволно застапени во повеќето други сектори кои влијаат на политичките работи како што се големите бизниси и клучните институции во економскиот сектор. Жените останувaат значително помалку присутни од мажите на извршните раководни функции, политички и други асоцијации и во приватниот сектор.

Ова ја поттикна владата на Шведска, заедно со број на приватни институции и претпријатија да оформат Академија за економско лидерство за да го стимулираат еднаквото распоредување на моќта и одговорноста во приватниот сектор помеѓу мажите и жените. Институтот ќе се обиде да го постигне ова со охрабрување на извршните менаџери, особено жените, да ги развијат своите улоги. Освен тоа, владата оформи комисија која ќе го истражува распоредувањето на финансиските ресурси помеѓу жените и мажите, како и односот помеѓу родот и економската моќ.

**Најдобри модели во пракса и стандардите на ЕУ**
Иако Шведска дава одличен пример на значителен напредок кај родовата еднаквост во политиката и вработувањето, нема да биде од корист да се применат сосема истите искуства кај земјите во развој/ транзиција. Наместо тоа, секоја земја треба да се поттикне да ја пронајде најдобрата програма со алатки и активности за да се справи со овие проблеми, во рамките и во согласност со кулурната, општествената и политичката ситуација на земјата. Овој пристап најверојатно ќе постигне промени краткорочно, среднорочно и долгорочно.

За да се постигнат одржливи резултати, најтешкиот предизвик се темели на реформските процеси кое веќе се во тек. Важно е внимателно да се развијат и модифицираат во согласност со соодветниот контекстуален фактор. Реформите прилагодени на потребите со домашна поддршка имат најдобра можност да ги поттикнат измените.

Сепак, фактот дека постојат повеќе патишта по кои може да се движат реформите за родова еднаквост и родовата политика, не значи дека секој пат е прифатлив. Европската Унија има родова политика која потекнува и од внатрешните и од надворешните заложби за родова еднаквост. Од тука, родовата политика на ЕУ се темели на заложбите дадени на конференциите на ОН за Жените и развојот, одржани во 1975, 1985 и 1995.

Родовата политика на ЕУ се разви од внатрешните заложби за родова еднаквост, почнувајќи со директива за еднакви плати во 1975, како и од случаите кои се појавија пред Европскиот суд на правдата. Во 1995, Европската Комисија прифати резолуција за родови прашања во развој, која прерасна во Регулатива на Советот во 1998. Оваа регулатива вели дека политиките, вклучувајќи ги Политиките за структурни прилагодувања, треба да ги земат предвид улогите на жените и мажите.

Правната основа за оваа регулатива се наоѓа во членовите 2 и 3 од Договорот за ЕЗ ("Промовирање на еднаквоста помеѓу мажите и жените е задача на Европската Заедница" и "При сите свои активности Заедницата ќе цели да ги елиминира нееднаквостите и да ја промовира рамноправноста помеѓу мажите и жените"), како и член 23 од Повелбата на Основни права на Европската Унија ("Рамноправноста помеѓу мажите и жените мора да се обезбеди во сите области, вклучувајќи вработување, работа и плата").

Во 1996, Европската Комисија започна со приод на воведување на родот во главните општествени текови, за да се соочи со разликите помеѓу жените и мажите во рамките на Европската Унија. Овој пристап за воведување во главните општествени текови треба да доведе до вклопување на еднаквите можности за жените и мажите во сите политики и активности на ЕУ. Напорите за воведување во главните општествени текови се развија во Рамковна стратегија на Заедницата за родова еднаквост за време на периодот 2001-2005. Оваа стратегија експлицитно се труди да ја воведе родовата еднаквост во главните текови на внатрешните политики на ЕУ, како и во надворешните односи на ЕУ со трети земји.

Воведување на родот во главните општествени текови претставува последната фаза од проширувањето на родовата политика на ЕУ. Претходните еднакви третмани и стратегиите на ЕУ за еднаквост во основа ја третираа жената исто како и мажот, помагајќи и на жената да се прилагоди на (родово слепи) машките норми. Така, за креаторите на политиките на ЕУ, воведување во главните текови вклучува не само ограничување на промовирањето на рамноправноста на жените, туку и мобилизирање на политики и процедури со цел активно да се справи со овие теми во фазата на планирање. Со ова ќе се видат однапред резултатите од политиките и процедурите врз мажите и жените.

Воведување на родот во главните општествени текови во ЕУ доведе до потребата на воведување на благи (т.е. правно не-обврзувачки) инструменти на политиката, како што е прибирање на полово расподелени

податоци, проценки за влијанието на родот, стандарди и родова ревизија на програмите на ЕУ. Важно е да се потенцира дека во рамките на ЕУ, воведувањето во главните општествени текови е наменето да ги дополни, а не да ги замени позитивните мерки за жените и законодавството за рамноправен третман. Така, Рамковна стратегија на Заедницата за родова еднаквост (2001-2005) сплотува различни иницијативи на ЕУ и програми наменети да ја промовираат родовата еднаквост со сеопфатен пристап кон воведувањето во главните текови. Програмата на рамковната стратегија се сосредоточува врз пет цели кои ја обезбедуваат рамката за развој на политиката со која сега се поврзани сите иницијативи за родова еднаквост на ЕУ. Тие се следниве:

- еднаквост во економскиот живот (политики на пазарот на трудот);
- еднаква застапеност и учество при донесувањето на одлуки (демократски паритет);
- еднаквост во социјалниот живот (социјална заштита, здравство);
- еднаквост во општествениот живот (човекови права, родово-поврзано насилство, трговија со луѓе); и
- менување на родовите улоги и надминување на стереотипите (во образованието, културата, медиумите и тн.).

Меѓународните стандарди може да дадат напатствија за земјите кои сакаат да развијат своја родова политика. Покрај тоа, меѓународната заедница може исто така да обезбеди помош преку финансирање на политиката. Донаторите може да ги поддржат реформските напори преку формулирање на минимални услови за политиката на родова еднаквост и реформските програми кои тие финансиски ќе ги поддржат.

Без разлика на тоа колкав е опсегот на помош и олеснување на реформата, од клучно значење е одржливоста на секоја реформа. За да се постигнат трајни резултати, од витално значење е реформските стратегии да се изградат на широка основа. Претходниот пример покажува дека реформите треба да бидат насочени кон сите нивоа каде се донесуваат одлуки (локални власти, администрација, лидери на заедници) за да се осигура дека и жените се вклучени во процесите на донесување на одлуки.

***Предложени области за практично подобрување***

Земјите членки на ЕУ и Европската Комисија го идентификуваа полето на женско претприемништво како приоритет. Сите земји членки ја признаа важноста на претприемништвото воопшто, и во минативе години спроведеле специфични активности или мерки за поддршка на женското претприемништво.

Иако многу од овие фактори, како што се културата или општествениот статус се разликуваат внатре во самите земји како и помеѓу земјите членки, многу од проблемите со кои се соочуваат жените претприемачи се слични. Акцентот треба да се стави на тоа да се информираат жените за нивните можности, како и да им се помогне при воспоставувањето на неопходните деловни контакти.

Се чини дека жените имаат поинаков пристап при раководењето на претпријатија од мажите. Агенциите треба да користат женски ментори, тренери и советници секогаш кога е можно за да се зголемат важните услуги за жените и да се создадат лица кои даваат добар пример.

Покрај тоа, пристапот до кредити треба да е клучната поддршка за развој на бизнисите. Ограничениот пристап на финансирање е пречка со која се соочуват многу претприемачи, подеднакво и мажи и жени.

Има разни начини за решавање на општите проблеми, специфични за одредена земја со кои се соочуваат жените преприемачи. Многу од пречките на кои наидуваат жените преприемачи се исти во цела Европа. Најдобрите практики не се секогаш специфични за одредена земја. Развивањето мрежи ќе ги збогати можните активности во сите други земји и ќе промовира промени дома.

## Проценка на сегашната ситуација во однос на политиката на вклучување на жените и праксата на локално ниво во Берово, Гевгелија и Струга

Трите општини кои се испитуваат имаат широк опсег на специфични локални фактори за проценка на вклучувањето на жените. Овие три општини меѓусебно многу се разликуваат и имаат различни области во кои може да се развива вклучувањето на жените, за тие да станат активни членки на локалниот економски развој.

***Демографија на населението, невработеноста и природните ресурси во општините***

Општината **Берово** е лоцирана во источниот дел на Македонија на периферијата на Малешевските планини. Планините во овој регион се богати со букова, борова и дабова шума и градот се наоѓа на надморска височина од 800м. Берово опфаќа територија од 595 квадратни километри и има девет населби, вклучувајќи го и градот Берово со 13.941 население. (Државен завод за статистика - 2002). Родовата структура е 50,4% мажи и

49,6% жени. Според националноста, мнозинството од населението се Македонци (95,65%) со мал процент на Роми (3,29%).

Од вкупниот број на жители, 5.589 лица ја претставуваат активната работна сила. Од нив, во категоријата на активна работна сила вработени се 3.891, додека 1,698 се невработени. Официјалната стапка на невработеност е 30,4%; сепак, загрижувачки е да се види стапката на невработеност кај младите (15-24 години) која изнесува шокантни 67.3%. Од мажите, вработени се 43% додека само 27% од жените се вработени. Овие бројки се динамични и прецизно ја отсликуваат ситуацијата во времето кога се собрани овие статистички податоци. Покрај тоа, 83,7% од оние кои се невработени, го имаат тој статус подолго од една година и спаѓаат во категоријата на долгорочно невработени. Од вкупниот број на 1.217 невработени жени, мнозинството има или средно образование или пониско ниво на образование. Оваа бројка е пониска од онаа на невработени мажи (1.701). Околу 10% од невработените лица (и мажи и жени) имаат универзитетска диплома. Во општината недостасуваат кадри во фармацијата и традиционалните занаети (како што се ковачи или пекари). Мнозинството на вработени мажи и жени се во јавниот сектор (државна администрација), текстил и дрводелска индустрија.

Дел од населението на Берово е вклучено во шумарство и обработка на дрво, како и во продажбата на дрво за огрев. Во дрводелството како примарна преработка на дрво, во Берово постои само една фирма која произведува финален производ. Мнозинството жени кои работат во текстилната индустрија работат на лон-системот на грчки “инвестиции”. Покрај тоа, млечната индустрија вработува неколку лица од Берово; сепак, мнозинството на работници се вработени во јавната администрација. Млечните производи се резултат на домашно производство и вообичаено се произведуваат во малите села околу градот Берово, како што е Смојмирово. Без оглед на овие области на активност, високата стапка на невработеност го принудува населението да бара алтернативни начини на заработка за да преживеат.

Според лицата кои беа интервјуирани, дрвата, шумите и шумските плодови се некои од природните ресурси кои треба да се искористат. Освен тоа, Берово има земјиште на кое се произведуваат малку земјоделски производи, најчесто од органско потекло. Се одгледуваат компири, грав, сливи и малку овоштие. Луѓето собираат шумски плодови (како што се печурките), овошки (капини, боровинки ...) и билки за продажба на пазар. Иако овие активности не се прикажани во официјалните податоци, тие им обезбедуваат важен приход на семејствата. Големата количина на компири кои растат во областа инспирираше одреден број на оние кои беа

интервјуирани да размислат за фабрика за процесирање на чипс и други производи од компири. Треба да се изработи физибилити студија за да се испита оваа можност. Специфично за овој крај е и тоа што скоро секое семејство е директно или индиректно вклучено во земјоделскот производството, за свои потреби или за продажба.

Производството на млеко, сирење и други млечни производи е исто така област која нуди можност за зголемени активности. Берово порано беше сточарски крај кој придонесуваше во производството на млечни производи.

Некои од традиционалните занаети се уште постојат во областа. Занаетите вклучуваат резбарење (постои здружение на резбари); ракотворби (плетење, везење, траење, правење килими), кукли во традиционални носии и сокови, џемови и мармалади од овошките во областа. Оние кои беа интервјуирани ја потенцираа можноста да се оживеат уметностите на резбарење и занаетчиство (ковачи, седлари, млин, призводство на дрвени буриња и тн.).

Апикултурата и производството на мед е друг алтернативен начин на заработка во Берово. Има неколку сертифицирани одгледувачи.

Општината **Гевгелија**, спротивно на Берово се наоѓа на надморска висина од само 64м. Таа е лоцирана на најјужниот дел на земјата и покрива површина од 317 квадратни километри. Се состои од 16 населби, од кои само 9 се постојано населени. Општината Гевгелија брои 22.988 граѓани (6.362 домакинства) со мнозинство на Македонци. 25% од популација се помлади од 18 години. Од 22.988 граѓани, 2.000 имаат универзитетска диплома и 9.000 имаат завршено средно училиште. Има 2.777 невработени од кои 1.742 се жени.

Гевгелија е позната по својата клима. Лоцирана е таму каде се среќаваат медитеранската и континенталната клима, со што има топли денови през цела година. Просечната температура во јануари е 3 степени целзиусови; додека во јули температурата е околу 25 степени. Гевгелија може да се пофали со 240 сончеви денови годишно и со повеќе дожд отколку снег во зима.

Одличните климатски услови и плодната почва ја прават земјата соодветна за виреење на разни растенија како што се кикирики, смокви, мандарини, маслинки и други овошја. Овој регион е исто така познат по своите земјоделски производи со висок квалитет и зеленчук од органско потекло, како што се доматите, пиперките, кромидот, празот, зелката, марулата итн. Скоро 70% од производството е наменето за извоз. Погодните климатски

услови придонесуваат за потенцијалното зголемување на првите берби во оваа област.

Во плантажите на гроздови насади, кои покриваат 2,700 хектари, доминираат и слатките грозја, како и грозјата од кои се произведува вино. Годишното производство на грозје е повеќе од 40,000 тони, од кои 25,000 се користат за трпезни вина кои се извезуваат на пазарите во Србија и Црна Гора, Австрија, Полска и Германија. Во педесетите работеше винската визба "Винојуг" - Гевгелија. Денес "Винојуг" може да се користи за производство на вина со вискок квалитет, како и за трпезни вина.

Како и во Берово, текстилната индустрија (базирана на лон-системот) е една од најразвиените економски гранки во оваа општина. Ова е заради близината на Гевгелија со грчката граница, со што е погодна за грчки инвестиции. Освен текстилните фабрики има и други компании кои процесираат голем број на производи: кафе, тутун, леб, готвени производи и пекарски производи.

Третата општина, **Струга** се наоѓа на надморска висина од 698м и е лоцирана на југозападниот дел на земјата, во подножјете на планината Јабланица. Таа опфаќа 18 населби на територија од 136 км². Струга лежи на брегот на Охридското езеро опфаќајки 1/3 од брегот на езерото. Самиот град е рамен, но е опкружен со планини (Јабланица, Караорман). Општина Струга брои околу 65,000 население; само во градот се наоѓаат околу 16,000 жители. Родовата поделба покажува дека има нешто малку повеќе жени од мажи (32 947 наспроти 32862). Околу 59% од населението се дел од активната работна сила; сепак 9,389 мажи и 3,699 жени се невработени.

### Преглед според старосна структура

| **Биро за вработување Струга** | Вкупно | | до 30 год. | | од 30-40 г. | | од 40-50г. | | над 50год. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени |
| | 8572 | 3458 | 3388 | 1470 | 2565 | 1073 | 1677 | 696 | 942 | 219 |

Од табелата се гледа дека најголем број од невработените се на возраст до 30 години што е и најголема аномалија бидејќи тие се во полна работна способност. Најмалку невработено население, а следствено и најмалку невработени жени има во групата на жени над 50 годишна возраст.

Општината е богата со земјоделско земјиште со 12,752 хектари на сточарско земјиште и 6,140 хектари на обработливо земјиште. Има пасишта, но и шуми. Сепак, езерото се смета за најголем природен ресурс. Езерото се

одликува со единствен еко-систем, богат со ендемски врсти на флора и фауна. Уникатноста на езерото е заради неговата географска изолираност и староста. Само неколку езера во светот имаат слични квалитети. УНЕСКО го прогласи езерото за дел од светското културно наследство во 1980 и сега езерото е заштитено.

По однос на климата, Струга и нејзината околина има умерено континентална клима со примеси на медитеранска. Бројот на сончеви часови е околу 2400, а водата во Охридското езеро е најтопла во август. Во годината просечно има околу 80 летни денови каде температурата се движи над 25Ц. Средната годишна температура на воздухот изнесува 11,5 Ц а средната летна температура е 20.5 Ц.
Во зимската сезона средно месечните температури се над нулата, што дава можност за пријатен престој и во овој дел од годината.

Покрај ова базенот на Струга е богат со јаглен. Големи количини може да се најдат во селото Прискупштина, каде има површински коп. Други минерали и камења кои се користат за поплочување и градба може да се најдат во близина на Вевчани.

Поголемиот дел од компаниите кои се уште работат во Струга се трговски и градежни компании. Земјоделството се состои од пченка и јачмен на пасиштата, како и производство на компири и јаболка. Се забележува напредок кој се гледа во фактот дека има неколку жени кои раководат со неколку текстилни погони, со градежни фирми како и такви кои на високи позиции во неколку производствени погони и трговски компании.

Сепак, жените имаат можност да ја најдат својата гранка. Тоа пред се се однесува на туристичко-угостителскиот сектор во рамките на кој треба дас е одбележи дека жените се најчесто станоиздаватели на околу 3500 легла во приватното сместување што претставува 1/3 од вкупниот број легла во општината.
Производство на такви производи како што се здрава храна или адаптирање на капацитети за одгледување и процесирање на риби или производство и процесирање на печурки се исто така отворени како можности.

**Приоритети за зајакнување на општините**

Последните локални избори во **Берово** донесоа зголемување на бројот на жените кои работат во јавни институции. Во моментов има 18 жени директорки на државни институции како училишта, судови, пензински и социјални фондови. Политичкото претставување на жените напредува во последно време. Многумина предвидуваат дека жените ќе станат

повлијателни во општата заедница. Локалната самоуправа во Берово има направено обиди да ги вклучи жените како советници и да разговара за идна соработка. Процесот треба да биде формализиран и поредовоно практикуван за да има ефект.

Друг предизвик поврзан со локалната самоуправа на Берово е областа на локалниот економски развој. Додека локалната самоуправа подготвува стратегија за оддржлив развој за локален економски развој и воведува можности за бизнис за општината, недостасува иницијативата да ги започне овие активности. Владата може да помогне во овој напор, на пример, со обезбедување информации за заинтересираните страни за добивање дозвола за собирање растенија (билки) од Министерството за земјоделство.

Целта на локалната самоуправа за следните три до пет години е да развие стратешки план за локален економски развој. Ова ќе поттикне можности за бизнис во општината. Еден приоритет е да се развијат објекти за поддршка на туризмот покрај Беровското езеро.

Туризмот се смета за следната голема област за развој во Берово. Планинската река обезбедува можности и за зимски и за летен одмор. Голем хотел се гради блсику до езерото и многу семејства започнаа со понудување приватно сместување во нивните домови. Сепак, туризмот е попречен од недостатокот на туристичка инфраструктура и маркетинг од страна на туристичките агенции. Општината ќе треба да се промовира себе си како место за одмор. Можностите во областа на туризмот се очекува да се зголемат кога ќе се отвори граничниот премин со Бугарија (месност Клепало). Повеќе посетители ќе имаат пристап до областа од Бугарија и Грција.

Локалната самоуправа на Берово планира да го финализира деталниот урбанистички план со кој ќе создаде индустриска како и туристичка зона. Исто така се изготвуваат планови за подобрување на патната инфрастурктура поради отворањето на граничниот премин со Бугарија. Новопланираната индустриска зона ќе биде искористена за земјоделски производи и е важен аспект за идниот економски развој. Еден можен предизвик ќе биде стекнување меѓународен сертификат за познатото беровско сирење за да се зголемат можностите за извоз.

Урбанистички план е развиен за две туристички локации. Локалната самоуправа гледа на производството на еколошки производи и подобрувањето на комуналната инфраструктура (патишта) како на приоритети. Отворањето на граничен премин планирано за 2006 е исто така важен проект на кој се гледа како на можност за зголемување на економските можности за општината.

Потешкотиите со кои се соочува локалната самоуправа се повеќезначни. Правните процеси на децентрализацијата, недостатокот на техничка опрема и бирократска организациска структура имаат создадено многу препреки за таканаречениот едношалтерски систем.

Дополнително, на Берово му се потребни услови за развивање на општествен/културен живот. Постои голема потреба за културни институции како кино или театар и објекти за вон-школски активности на децата како на пример спортски центар. Постојат градинки (дури и во селата), но поголемиот дел од поддршката за вработените мајки е обезбедена од мрежата на повозрасните во семејството. Оваа област има традиционална семејна структура слична на другите мали градови во Македонија.

Приоритетите на општина **Гевгелија** се во стратешкото планирање на развојот. Приоритетите вклучуваат зголемување на земјоделското производство и определување области за странски инвестиции. Комитетот за локалниот економски развој во Гевгелија веќе е воспоставен со мисија да ги следи економските трендови и да работи со потребите на граѓаните. Поради големото количество на земјоделско земјиште, мнозинството жители се занимаваат со земјоделство за да го издржуваат семејството. Бидејќи голем дел од земјата е се уште државна сопственост, општината има нерасчистени прашања во врска со сопственоста на земјиштето.

Покрај земјоделските активности и оние на производство на вино, туризмот исто така се смета за развоен сектор. Преку-граничниот премин со Грција и блиското планинско одморалиште Кожуф се можни области за развој.

Во **Струга** локалната самоуправа запослува 55 лица од кои само 17 се жени. Од 27 членови на советот, 4 се жени. Локалната самоуправа ги има поставено инфрастуктурата, урбанизацијата и локалниот економски развој како приоритети за развој. Локалната самоуправа е свесна за потребите за поголема родова рамнотежа во проекти кои се однесуваат на локалниот економски развој и планира да отвори бизнис инкубатор и туристичко биро.

Општина Струга беше меѓу првите општини кои воспоставија канцеларија за локален економски развој. Како резултат, канцеларијата има развиено стратегија за локален економски развој. Стратегијата е создадена со партиципативен процес заснован врз локални претставници од заедницата. Тимот беше создаден во март 2002 и го заврши стратешкиот план во декември 2002. Беше изготвен акциски план за периодот 2002-2006. Целите на активностите се сосредоточуваат на четири важни прашања:

- да се развие општината како туристичко место со репрезентативна туристичка понуда ;

- да се намали невработеноста и да се поддржат мали и средни претпријатија;
- да се развие сообраќајнат и општинската инфраструктура за подобрување на квалитетот на живот;
- да се подобри производството и маркетингот на земјоделските производи.

Дополнително, развиен е акциски план за поддршка на четирите цели. Но нема планиран развој конкретно насочен кон активностите на жените. Едно упатување е направено во областа на развојот на туризмот со планот за воспоставување на центар за производство на ракотворби и сувенири.

**Родови механизми во локалната самоуправа: можности да се влијае на донесувањето одлуки**

Мнозинството интервјуирани жени не се информирани за постоечките родови механизми во рамките на локалната самоуправа. Тие не знаат како да ги изнесат своите потреби преку локалната самоуправа. Локалните самоуправи во некои области поканувaат претставници од различни сектори за да зборуваат за нивните потреби и да ја отворат вратата за идна соработка; сепак има малку надградување на ова.

Учеството на жените во јавниот живот генерално е високо. Во **Берово**, мнозинството од директорите на јавните институции како училишта, градинки, фондот за социјална заштита, судот, пензискиот фонд и други се жени. Општиот впечаток во Берово е дека жените учествуваат во политичкиот живот, но не и во бизнис секторот. Актвното вклучување на жените во локалната самоуправа беше осигурано со воспоставувањето на родовата комисија во рамките на локалната самоуправа во јуни 2005. Но, се чини дека оваа комисија допрва треба да стане активна. Локалната самоуправа ќе треба да биде проактивна во врска со вклучувањето на жените во локалната економија. На општината и е потребна поддршка од Министерството за локална самоуправа и локалните женски НВО во однос на работата на родовата комисија. Додека бројот на жени во водечките јавни институции е зголемен (како што е изнесено погоре), треба да постојат конкретни механизми кои ќе обезбедат активно учество во разрешувањето на прашањата кои влијаат врз животите на жените. Овие конкретни механизми се изнесени во детали во деловите 6 и 7 од ова истражување.

Локалната самоуправа во **Гевгелија** има деветнаесет членови на советот, од кои само четири се жени. Општината има очајна потреба од воспоставување на механизми за зголемување на учеството на жените во процесите на донесување одлуки во локалната самоуправа. Дополнително,

општината треба повеќе да соработува со НВО секторот за конкретни прашања. Сепак, наспрема Берово, општината Гевгелија го има започнато процесот на е-влада и ја зголемува својата транспарентност и досег/опфат.

Од трите општини, **Струга** има пофункционална комисија за родова еднаквост. Нејзиниот советодавен одбор има пет члена (три жени и двајца мажи) и постои од март 2005. Комисијата е воспоставена на иницијатива на Сојузот на организациите на жени-СОЖМ поддржан од Министерството за труд и социјална политика (т.е. Одделението за родова еднаквост). Меморандум за разбирање е потпишан од сите три страни. Градоначалникот вети дека ќе обезбеди бесплатно место за средби на за комисијата и дека ќе ги зема предвид одлуките и препораките кои таа ќе ги обезбеди.

Комисијата има развиено план за акција кој има за цел да ги сензибилизира членовите на советот, вработените во локалната самоуправа, женските НВОи и политичките партии за положбата на жените во општеството. Пре-оценка на тековните правни регулативи како и упростувањето на административните процедури за бесплатна правна помош за жените се вклучени во програмата. Дополнително, програмата има за цел да го зголеми бројот на жени во владините и управните институции на локално ниво, да ги зајакне жените во економската сфера, да ги поддржи маргинализираните жени, да обезбеди контрола и подобрување за работните услови на жените, да обезбеди еднакви можности за образование и да спроведе родова анализа на документите на општината.

Активностите за поддршка на овие цели не секогаш ги одразуваат целите на планираната родова комисија. Активностите планирани за комисијата вклучуваат широк опсег активности: организирање кампањи за заштита на животната средина, занимавање со домашно насилство преку воспоставување на СОС линија, обезбедување училишна опрема. Повеќето активности изложени од комисијата кои се однесуват директно на проблемите на жените се организирани како семинари или јавни дискусии. Овие активности спаѓаат во рамките на мандатот на НВОи отколку на комисијата на локална самоуправа. Комисијата може да преземе активности за лобирање кои ќе ги вклучат засегнатите страни како членови без право на глас кои би ги пренеле потребите на жените во заедницата. ОБСЕ беше вклучено во финансиска поддршка на активностите на комисијата што упатува на можен кофликт на интереси за некои од членовите на комисијата. Финансиската поддршка за иницијатвите на комисијата е подобредојдена отколку за напорите за координација.

Сепак, најголем дел од интервјуираните во Струга беа свесни за родовата комисија и работата на локалните женски НВОи.

*Улогата на локалните НВОи*

Граѓанскиот сектор во **Берово** е прилично загрижувачки. Во општина Берово се регистрирани вкупно 67 НВО поделени главно во 5 сектори: земјоделие, туризам, животна средина, култура и спорт и ракотворби-резбари. Активни здруженија се само неколку. Постои само една женска НВО која е основана пред речиси една година по иницијатива на Локалната агенција за развој. Таа има околу педесет членки, но нема реализирано активности. Главните цели на организацијата се подобрување на положбата на жените во општеството, социјална грижа за жени и спречување на семејното насилство. Организацијата се соочува со многу предизвици. Тие немаат место за работа и имаат потешкотии со мотивирање на жените да стана членки. Раководството мора да создаде организациски стратешки план и да реши кои активности ќе бидат иницирани. Во моментов, организацијата лобира да стане дел од националниот сојуз на организации на жени во Македонија.

Од друга страна, Здружението на жени ткајачки во Берово е успешен пример за професионално здружение кое служи на потребите на своите членови. Воспоставено е од донаторска организација; сепак, во последните 4 години тоа порасна во 40-члена организација со јасна цел и насочени активности. Жените користат локално произведена волна за ткаење ќилими, облека и правење украси. Поврзаноста со донатори им има овозможено да посетат саеми на занаетчии во странство и да ги искористат советите на специјализирани консултанти. Членките на здружението ги одржуват активностите преку приходите од нивните производи. Тие се во процес на одлучување дали да продолжат како здружение или да се регистрираат како бизнис. Предизвикот на оваа одлука вклучува одредени даноци и такси кои мораат да се почитуват ако се формира деловен субјект. Ќе треба да се отвори канцеларија за комуникација со трговците како и набавка на опрема, подобрување на координацијата на членовите распрскани во неколку села и обезбедување пазар за производите. Тие имале досега потешкотии во наплатата за производите кои сега се продаваат на консигнација.

Во **Гевгелија** постојат околу 75 регистрирани НВОи воспоставени поради разновидни причини. Постојат 4-6 женски организации чии главни цели се образование, помош за жените во областите на економското зајакнување и подобрување семејните односи. Организациите се соочуваат со слични потешкотии како оние во Берово и Струга. Тие имаат недостаток од финансии, експертиза и посветеност на членството.

Очигледно е дека жените не се претставени во професионални здруженија како здруженија на винопроизводители и фармери. Овие организации се слични на женските НВОи; тие не го максимизираат својот потенцијал. Постојат многу потенцијални области на услуга кои тие би можеле да им ги обезбедуват на членовите на здруженијата. Тие можат да обезбедуваат совети за конкретни проблеми со кои се соочуват членовите. Дополнително , тие можат да наплаќаат за услугите како информативни семинари за развојот во областа, како и да дејствуваат како медијатори меѓу производителите и трговците со воспоставување на пазар за размена.

Во **Струга** се регистрирани 74 НВО, од кои 7 женски НВОи и кои се прилично активни. Постојат неколку женски НВОи кои работат во областа на поттикнување на женското политичко претставување на локално ниво. Овие активности резултираа со избирањето на некои од малкуте жени членки на општинскиот совет. Организациите имаат работено нашироко во областа на образование за човекови права, родова еднаквост во локалните училишта, превенција на домашно насилство, програми против трговија со луѓе, економска едукација на жени стечајки итн.

И додека се чини дека постои подземна тензија меѓу различните етнички групи во Струга, женските НВОи се залагаа за соработка преку етничките поделби. Тие беа успешни во воспоставувањето мрежи и спроведувањето заеднички проекти. Некои имаат воспоставено неколку локални канцеларии во руралните области. Исто така, женските НВОи се мотивирани да започнат програми во областа на зголемување на женското социо-економско јакнење како и да преземат финансирање преку микро-кредитирање за жените фармери.

**Клучни наоди за економското учество на жените и предизвици**

Според интервјуираните, поголем процент на жените се вработени на места во текстилната индустрија. Забележан е раст во оваа област во општините Берово и Гевгелија. Странските производители кои бараат поефтини производни трошоци поттикнуваат мали погони за производство на текстил на база на лон-систем. Оваа област на економски раст е поддржана од голем број квалификувани вработени. Берово и Струга, на пример имаат средно текстилно училиште. Уште повеќе, жените се наоѓаат во улоги на раководители на компании кои обработуваат овошје, билки и кои произведуваат млечни производи.

Жените активни на полето на бизнисот поверојатно е да вработат други жени особено во текстилниот бизнис. Тие често имаат малку или воопшто немаат долгорочно планирање и немаат развиени планови за инвестирање

или проширување освен ако тоа не се бара од странските партнери. Во вакви услови, бизнисите имаат мала слобода во производството или насоката. Испитаниците изјавија дека зголемувањето на производството и набавување нова опрема би се случило само доколку нивните странски партнери го побарале тоа од нив. Од друга страна ваквите деловни активности не го поттикнуваат или зголемуваат учеството на жените во политиката, економијата или јавниот живот. Бизнисите во најголем број случаи се основаат за да се преживее и не го зголемуваат богатството на вработените или нивната положба во општеството. Некои текстилни погони го користат трудот на жените кои работат од дома. Ваквите видови производи вклучуваат плетење или везење за различни апликации на алиштата. Жените кои работат од дома им причинуваат потешкотии на нивните работодавачи поради недостатокот на искуство со крајни рокови и масовно производство. Тие се платени по парче и не се пријавени вработени. Повеќето од овие жени ја гледаат оваа активност како дополнение на нивните редовни домашни обврски, а не како деловна можност. Тие не се членки на здруженија и немаат интерес да станат.

Друг голем проблем е идентификуван од жените во врска со локалниот бизнис се оневозможувачките процедури. Банките не се флексибилни со кредитите. На пример, за време на конфликтот во Македонија во 2001, банките барале ратите за кредит редовно да се плаќаат и покрај тоа што целото производство било запрено. Исто така, банките бараат големо покритие за кредитите и имаат селективн процес при прифаќањето на покритието. Со цел кредитите да бидат олеснети, на жените претприемачки им се потребни банкарски кредити во опсег од 04% до 4% годишно.

Регистрацијата е уште една препрека за новите бизниси. Овие процеси се одвиваат во судот во Штип лоциран на 85 км оддалеченост од Берово. Слично на тоа, Битола е регионален центар каде што треба се регистрираат бизнисите од Струга. Жените, исто така треба да им плаќаат на адвокатите значителни суми пари за да ги регистрираат нивните бизниси.

Државната организација, порано наречена "биро за вработување", последната година работи како центар за вработување. Таа е одговорна за преземање активни мерки за зголемување на вработувањето. Мерките вклучуваат истражување на пазарот на трудот и развивање "работен клуб". Исто така агенциите се соочуваат со многу потешкотии. Прво и најважно е недостатокот на финансиски капитал за да им помогне на лицата заинтересирани за започнување свој бизнис. Тие треба да имат потребен фонд или да ги упатуваат гарѓаните на кредитните линии за мали и средни претпријатија. Бирото за вработување треба да се реструктурира за да нуди

постојана обука за вработување за граѓаните за да стекнат важни работни вештини. Бирото треба исто така да го упрости процесот на избор и најмување на работници. Нивниот мандат вклучува спроведување истражување на пазарот на трудот и обука на невработени лица.

Дополнително, оние кои беа интервјуирани од приватниот сектор истакнаа дека државните организации и тела кои делат кредити го прават тоа на нетранспарентен начин.

Постоечките жени претприемачки (особено оние во областа на преработка на храна) се соочуваат со потешкотии во врска со наплатата, обезбедување пласман на производите и несигурни односи меѓу нив и купувачите на големо. Потребни се заеми за зголемување на постоечкиот бизнис. Бизнисите кои произведуваат џемови или оцет, преработка на овошје и зеленчук и сушење билки имаат потенцијал за раст. Односите со посредниците како супермаркети се тешки бидејќи тие често купуваат на консигнација и обично плаќаат по 90 до 120 дена. Производителите имаат многу допонителни трошоци поврзани со санитарна инспекција и анализа на содржината на производот. Оние кои се заинтересирани да произведуваат од дома (торти и друго домашни јадења) имаат потешкотии да платат за потребните инспекции.

Жените кои произведуваат мармалади, кифлички, свежи сокови и локални специјалитети како и оние кои плетат, везат и произведуваат традиционални занаети имаат недостаток на средства и маркетинг за нивните производи. Проблемот е поврзан со недостаток на информации за деловни саеми, пазари итн.

Тешко е да се мотивираат жените да се организираат самите заеднички да лобираат за зголемено учество на пазарот на трудот. Обуките (семинарите) за претприемништво за идни бизниси се многу потребни. Жените треба да започнат заеднички напори за подобрување на нивните услови.

Најдобрите модели за пренос на знаења поврзани со учеството на жените се "успешни приказни". Земјоделските здруженија се идентификувани како позитивни примери додека државните институции имаат поставено негативен пример. За жал жените не се членки на успешни земјоделски здруженија. Плановите за развој се невозможни без промена на ставот од страна на државните институции. Пристапот до капитал преку поволна кредитна политика е задолжителен. Негативните трендови во другите сектори имаат негативно влијание врз мотивацијата за промена во земјоделскиот сектор. Сепак, некои трговци одбележуваат дека традиционалните методи на фармерите се препрека за развојот.

Идеја предложена за време на интервјуата беше да се изгради изложбен простор. Овој простор би бил поставен како традиционална куќа во која се изложени ракотоворби, черги, торти и пити како туристичко место. Оваа идеја би требало да биде комбинирана со покомплексен план за развој на туризмот.

Во **Гевгелија** можностите за економското учество на жените се слични и лежат во областа на земјоделството, производството на вино и одгледувањето лозја, градинарството и хортикултурата. Климата е добра за одгледување јагоди, смокви, домати, пиперки и краставици. Преработка исто така може да се врши во оваа област.

Земјоделството во Македонија се соочува со бројни предизвици од распадот на поголемиот и позаштитен пазар на бивша Југославија. Главните предизвици со кои се соочуваат производителите се ограничени пазари, зголемена конкурентност и ниски цени. Цените на суровините се високи; сепак, на производителите им недостасува стратегија и планирање. Улогата на фармерите во оваа променлива средина е проширена. Земјоделството често ја игра улогата на дополнителна активност без да биде многу насочена кон пазарот. Степенот на образование на повеќето фармери (основно училиште) исто така претставува проблем при преговарањето со купувачи или комуникација со банки.

Бавењето со земјоделство е често семеен бизнис кој ги вклучува жените. Постојат разлики во положбата на жените и мажите земјоделци, но тие не се драматични. Жените учествуваат заедно со мажите на еднаква основа во исполнувањето на земјоделските обврски. Во некои области (како Берово) постојат попатријархални односи во однос на учеството на жените во процесот на донесување одлуки. Во Гевгелија жените се смета дека имаат поголема улога во процесот на управување со фармата споредено со минатите генерации; но сепак не значително поголеми. Жените имаат двојни обврски во домот и на фармата што ја отежнува можноста да имаат поголеми улоги во областа. Исто така, земјоделството е со тенденција да биде алтернативна активност за повеќето луѓе во трите заедници. Жените се еднакво вклучени во работата, но не секогаш во процесот на донесување одлуки. Општо земено, жените земјоделки се позаинтересирани да научат и можат да бидат носители на промени. Тие не стојат цврсто на ставовите за навиките и предрасудите во секторот или начинот на кој работите се прават во негови рамки. Земајќи го ова предвид, жените можат да бидат добри во генерирање модернизација.

Околу 90% од сопствениците на лозја во Гевгелија го имаат ова како алтернативна економска активност. Сепак, профит може да се оствари само од поголеми парцели земја. Доколку Министерството за земјоделство одлучи да дава земја под концесија, бројот на "вистински" производители може да се зголеми бидејќи е потребно да се работи на минимум 10 хектари земја за да се има регистриран бизнис. Повеќето лозја одгледуваат трпезно и наливно вино. Често пати производот се продава на винарски визби во странство, нелегално. Најголемиот проблем во развојот на индустријата на трпезно вино е маркетингот. Постои потреба за создавање берза за пласирање на грозјето.

Во Гевгелија беа изразени жалби за високите камати на постоечките банкарски кредити. Банките овозможуваат 2 години грејс-период кога за одгледување грозје се потребни најмалку 3-4 години. Нови видови со квалитетни семиња не се воведуваат бидејќи се премногу скапи. ДДВ-то е друг товар за земјоделците. Министерството за земјоделство и локалната самоуправа треба да развијат политика за винската индустрија. Лозарството треба да биде вклучено во стратешките планови за општината. Во Гевгелија, во моментов преку 2240 хектари се лозја со уште повеќе земја на која и е потребна ревитализација. Но, постоечкото грозје не е конкурентно на пазарите на ЕУ.

Во земјоделскиот сектор, невработените жени сопственички на земја треба да се мотивираат да започнат со обработка на својата земја. Една НВО од Гевгелија има стекнато европски сертификат и е заинтересирана да работи со жени земјоделки кои би биле сертифицирнаи. Мотивирањето на жените да започнат со земјоделски активности не е единствена област на промена, традиционалните методи на производство треба да бидат заменети со методи и маркетинг според ЕУ стандарди. Активностите треба да се прошират од конзервирање на овошје и зеленчук на нивно сушење. Сончевата клима дава можности за користење на соларната енергија.

Жените од Берово идентификуваа како потешкотија наоѓањето пазар за нивните производи додека жените во Гевгелија сметаат дека цените на нивните прозиводи се многу ниски. Општо земено, ограничениот финансиски капацитет за инвестирање, малите пазари, скапото ѓубриво и ниските цени се чини дека се проблемите со кои се соочуваат сите жени земјоделки.

Во **Струга** жените можат да развијат пазар на волнени прекривки и перници како и плетење волнени џемпери. Органската храна и производството на ѓубриво исто така можат да бидат развиени во Струга и

да се продаваат на друго место. Ѓубривото може да биде произведувано на фармите и да помогне во хранењето на стоката во регионот.

Во контекстот на Струга важно е да се нагласи туристичко-угостителскиот сектор, а со тоа и другите пропратни стопански гранки кои се директно поврзани со туризмот а во кои жените можат да си најдат своето место. Поврзано со тоа се и можностите за отворање занаетчиско-уметнички студија во кои жените би изработувале традиционални предмети и сувенири во функција на збогатување на туристичката понуда. Затоа и унапредувањето и енгувањето на традиционални вештини на плетење и везење и производство на традиционална храна се важни делови на туристичката понуда. Производството на здрава храна е опција која важи за жените во сите три општини па согласно тоа и за Струга.

Во Гевгелија, жените изразија интерес за одгледување цвеќиња со ѓубриво. Одгледувањето цвеќиња може да се поврзе со одгледувањето печурки (буковки) бидејќи отпадот од печурките се користи како ѓубриво во хортикултурата. Одгледувањето калифорниски црви може исто така да го прошири пазарот на ѓубриво. Потешкотиите во земјоделството вклучуваат високи цени на маслото за индустриско производство. Индустриите плаќаат исто како редовните корисници. Искуството од странски земји покажува дека Министерството за земјоделство или локалната самоуправа треба да обезбеди подобри услови за цените на маслото за локалните производители. Тоа може да олесни голем финансиски товар.

Важно, што треба да се одбележи во напорот да се зголеми економската активност на жените е потребата за систем на поддршка за зголемените актвности. Основањето центри за услуги кои ќе обезбедат вмрежување и советодавни можности или други потребни услуги (бебиситерки, сезонски земјоделски работници, наставници за децата, негуватели на стари лица итн.) е многу потребно.

## Препораки за под-проектна стратегија

Општо земено, жените се чини дека имаат различен пристап кон водењето на претпријатија од мажите. Агенциите кои работат во оваа област треба да користат жени ментори, обучувачи или советници кога е можно за да ја зголемат ефективноста на услугите како и да обезбедат пример (некој на кого можат да се угледаат).

Програмите за зголемување на економскиот развој кои ги вклучуваат жените треба да бидат изготвени и за групи и за поединци. Програмите

засновани врз групен пристап им даваат на жените можност да воспоставаат контакти, да се вмрежуваат и да научат од искуството на другите. Програмите засновани на индивидуален пристап им дозволуваат на жените да добијат високо-индивидуализирани совети насочени кон вистински проблеми кои се среќаваат на теренот. Активностите за поддршка на развојот на претпријатија треба да се сосредоточат на сектори кои можат да им обезбедат на жените соодветен приход на тој начин зголемувајќи ја финансиската самодоволност на жените. Стратегии за да се поместат жените во пазари со повисока вредност во традиционалните или во нови сектори се важни.

Програмите за обука треба да применат модуларен пристап вклучувајќи и збир на основни курсеви како буџетирање, маркетинг, сметководство и преговарање како и да обезбедат можност за бирање од збир на дополнителни курсеви. Разновидноста ќе ја направи обуката флексибилна и ќе им даде на клиентите независнот да ги одберат вештините на кои тие сакаат да се насочат. Програмата треба исто така да вклучи обука за развој на претприемништво со цел да поддржи нови идеи за започнување и раководење со сопствен бизнис. Само деловни вештини може да не се доволни за жените на кои често им недостасува сигурност и верба во сопствените способности како претпприемачи. Поддршка по започнувањето бизнис може да им биде понудена на обучените отккао ќе ги применат вештините научени во претходните обуки. Обуката може да биде понудена преку менторирање. Процесот на менторирање упатува на конкретни проблеми со кои се соочуваат жените претприемачи. Дополнително, пред воспоставување бизнис менторството може да им помогне на жените да го одберат најдобриот пат во кариерата. Дали започнувањето бизнис е навистина вистинскиот избор? Жените претприемачи не треба да бидат единствениот фокус за деловна поддршка и програми за личен развој. Започнувањето на такви обуки на рана возраст за да се поттикнат младите девојки да станат претприемачи и да ја развијат својата самодоверба е исто така важно.

На крај, пристапот до кредит треба да биде клучен елемент во развојот на деловната поддршка. Во моментов, ограничениот пристап до финансии е ограничување со кое се соочуваат многу претприемачи, и мажи и жени. Институциите треба да користат различни методи за обезбедување пристап до финансии. Овие методи може да бидат поддржани од гаранти на заеми или партнерства со формални финансиски институции и може да ги намалат трошоците за обезбедување кредит на микро-претпријатијата и особено на жените претприемачи.

Одбраниот пристап - институција која нуди широк опсег на услуги за (потенцијални) жени претприемачи, насочени програми за поддршка и конкренти настани - зависи повеќе од опсегот и типот на проблемите кои треба да бидат адресирани отколку од конкретната општина.

На прашањето со невработеноста на жените може да се упати со поттикнување мали и средни претпријатија водени од жени. НВОите може да станат дел од советодавен одбор за економски прашања во рамките на локалната самоуправа и НВОите покрај одборот може да промовираат кредитни линии и да ги олеснат административните препреки за воспоставување мали и средни претпријатија и да даваат дозволи (лиценцирање) за бизниси раководени од жени. Бесплатни услуги за развој на

бизнис-планови и стратегии за обезбедување финансии може да бидат обезбедувани. Овие услуги може да бидат изготвени за да поттикнат (микро)регионална соработка во оваа област.

Подигнувањето на свесноста на локалните власти е еден начин на справување со лошите услови со кои жените имаат искуство на пазарот на трудот. Ова може да се направи преку жени советници кои се членки на вакви институции. Жените претставнички треба да инсистираат да се направи испитување за работните услови во сомнителните бизниси. Истовремено, женските НВОи и групи од локалната самоуправа треба да лобираат кај централната власт за законски подобрувања за вработувањето на жените.

Следните се некои **суштински** препораки за **локалните самоуправи** во сите три заедници:

- да се зајакнат институционалните механизми за родова еднаквост на локално ниво преку комисиите за родова еднаквост. Комисиите треба да имаат јасно дефиниран мандат, помош за јакнење на капацитетите и внатрешни и надворешни членови и широка соработка со локалните НВОи. Родовите комисии ќе собираат релевантни информации од засегнати страни во заедницата. Тие ќе послужат како советодавен тим предлагајќи конкретни мерки во врска со поддршка на различни женски иницијативи отколку директни спроведувачи на проекти и активности. Во сите три заедници родовите комисии имаат пристап, преку локалните агенции за вработување, до податоци распределни по пол за анализирање на влијанието на економските, трговските, општествените, пензиските, здравствените, образовните итн. политики. Информациите може да помогнат во формулирање индикатори за мерење на родовото влијание за известување, набљудување и промени во политиките.

- родовите комисии може да преземат активности за лобирање и набљудување во врска со јакнењето на жените. Родовата комисија во **Струга** може да ги преземе овие препорачани дејства; но, комисиите во **Берово** и **Гевгелија** се или нефункционални или не постојат. Во овие случаи, комисијата треба да биде воспоставена и развиена според гореспомнатите препораки.

- Родовите комисии (особено во **Струга**) треба активно да промовираат внесување на родот во сите општествени текови и прашањата за родова еднаквост во сите стандардни практики и одредби на општината. Овие механизми ќе помогнат жените да се вклучат во донесувањето одлуки, решавањето проблеми и ќе овозможат општините да стекнат појасна слика за потребите на жените и потешкотиите во задоволувањето на овие проблеми во заедницата.

- Информациите собрани од родовите комисии може да бидат употребени од локалните и централните власти за изготвување национална легислатива за родова еднаквост и други таква легислатива (за вработување, изборни закони итн.). Дел од општинскиот буџет треба да се користи за да се финансираат активностите на жените и треба да бидат во согласност со родово-сензитивно одлучување. Доколку општините користат по-родов пристап до донесувањето одлуки, тие ќе имаат подобра слика за потребите на заедницата.

Во врска со суштинските препораки **подетални** препораки за **локалните самоуправи** се следниве:

- да се вклучат жените во планирањето за локален економски развој. Кога се организираат сесии за планирање за ЛЕР да се обезбеди дека жените се присутни за да ја дадат својата преспектива. Да се земат предвид економските активности во кои жените се веќе активни во заедницата. Во **Гевгелија** и **Струга** да се обезбедат врски за жените вклучени во производство на овошја и зеленчуци (пиперки, домати, дињи итн.) за да се овозможи знаење за размена на искуства, идеи и информации значајни за производството. Исто така, да се дискутира за проблемите и да се укаже на процедури за барање помош од ЛС. За процесот на планирање во **Берово** да се соберат заедно жени кои се вклучени во собирањето овошје, билки и зеленчук (боровинки, печурки, јаболки, зачини итн.) со цел да се истражат можностите за помош на овие жени. Еден вид помош која може да биде обезбедена е да им се помогне да добијат лиценци за собирање билки како и за координирање на процесот на собирање.

- Како што се воспоставуваат различни приотитети за заедницата во локалниот економски план за развој врз основа на партиципативно донесување одлуки, локалните самоуправи треба да ги насочат своите напори за забрзување на иницијативи кои придонесуваат за економскиот развој на заедницата (бесплатна / упростена регистрација за мали и средни претпријатија, упростување на други бирократски процедури, обезбедување на пристап до информации, посредување во преку-гранична соработка и меѓу збратимени општини, итн.).

- Локалната самоуправа во сите три општини да обезбеди можности за регистрација преку олеснување/ослободување од даноци/такси на оние кои сакаат да произведуваат предмети поврзани со развојот на стари занаети и традиционални вештини. Ова е особено важно за **Берово** каде што ваквите видови активности постојат во моментот и имаат покажано успех на пазарот. Поддршката обезбедена од страна на локалната самоуправа не мора нужно да биде во вид на финансии, туку може да вклучи обезбедување слободен простор за производство или изложување, информации за пристап до пазари, воспоставување на врски со слични бизниси во регионот и преку границите, итн.

- Со зголемено знаење за економскиот развој, ЛС може конкретно да цели на малите и средни претпријатија водени од жени (особено постоечките иницијативи - плетење, шиење, ткаење, произведување домашни специјалитети, цвеќарство, ѓубрива итн.). На нив може да им се помогне преку упростени правни процедури (едно-шалтерски систем) и локализирање на процедурите за регистрирање. Дополнително олеснување може да биде обезбедено со намалување на даноците или давачките за суровини за индустриско производство (масло на пример).

- Во **Струга** и **Гевгелија** одделот за ЛЕР треба да биде зајакнат и може да биде трансформиран во медијатор за регистрирање на мали и средни претпријатија, за помош на пристапот до пазарот за мали и средни претпријатија и поддршка за здруженија. Една можна идеја е да се воспостави бизнис клуб кој ќе обезбедува информации за постоечки и нови бизниси, можности за размена на пазарот на трудот и можни пазари/пласман. Основата за оваа потреба треба да биде изнесена во стратешкиот план на општината. Доколку општината веќе има развиен стратешки план добра идеја би било тој да се ревидира со земање предвид на новите промени кои можеби се случиле во меѓувреме. Во **Берово** ЛС треба да развие план како да го развие постоечкиот оддел за ЛЕР во кој има вработено една жена.

- Во **сите три општини** да соработуваат со локалните Агенции за вработување со цел да ги искористат, како и да ги поддржат нивните проактивни мерки и да го искористат нивниот буџет за обука во одредени области (производство на калифорниски црви, печурки; нови стандарди во производството на вино; производство на мед итн.).

- Во **сите три заедници** да се иницира и обезбеди поддршка за создавањето задруги како средство за жените да станат економски активни. Жените, особено оние вклучени во производството на традиционални специјалитети и облеки, се обично домаќинки и/или пензионерки и може да не ги поседуваат вештините или волјата за започнување на нивни сопствен бизнис. Полесно е за овие жени да формираат задруги кои започнуваат бизниси поседувани од членките со отворено членство за оние кои ги користат услугите. Тие може демократски да бидат контролирани и да дејствуваат на не-профитна основа, тие им го враќаат профитот на членовите врз основа на направената инвестиција. Ние го препорачуваме типот на производна задруга. Производните задруги се поседувани од лица кои произведуваат слични производи - од фармери кои одлгледуваат посеви, подигаат стока, молзат крави или од занаетчии. Со заедничко поврзување тие се здобиваат со поголема моќ за преговарање со купувачите. Тие исто така го комбинираат ресурсите за поефективно да ги брендираат и рекламираат нивните производи, подобрувајќи го приходот на своите членови. Моделот може веднаш да се постави во **Берово** каде што постои успешно здружение на жени ткајачки "Серафим". Постојат многу области во кои жените можат да започнат задруга: производители на домашни специјалитети, производители на мед и собирачи на овошја и зеленчуци. Во **Струга** и **Гевгелија** најпрвин критична маса жени треба да биде идентификувана, да биде воспоставена врска меѓу нив, да се идентификуваат слични цели и потоа може да се основа задруга.

- **Во сите три општини** да се поддржат ЛАР да преземат активности за овозможување на пристапот до пазарот за жените производителки и/или да обезбедат ресурси како фонд(ови) за развој на мали и средни претпријатија.

**За локалните НВОи:**

Општи препораки:
- да се собира родово-поврзана статистика. Владините службеници сакаат сигурни информации за да донесат одлуки. Тие не можат да се потпрат на жалби. Истражувањето е суштинско за да се поткрепи реалноста.

Спроведувајте истражувања, собирајте податоци и анализирајте добиени информации за да го обезбедите потребното оправдување за активностите на застапување.

- Работете со општините и давајте им совети за тоа како да состават родови буџети и родово-сензитивно донесување одлуки за финансиско трошење, со цел да се упати на потребите со кои се соочуваат жените.

- Работетете со општините за да развијат применети политики кои овозможуваат еднаков пристап до образованието, здравството и работната сила. Ова може да биде направено со соработување со комисиите за родова еднаквост во општините.

- Градете партнерства и коалиции и преку границите и со националните НВОи кои работат на слични прашања. Ова е добар начин да се зголеми довербата меѓу другите НВОи додека истовремено се застапуваат заеднички цели. Тоа исто така обезбедува место за размена на идеи. Во процесот на зајакнување на жените партнерството со мажите е исто така суштински фактор.

- Направете јасен список на приоритети на потребите на жените во заедницата, одете чекор-по-чекор и бидете реалистични во барањата. Во пазарна економија банката е бизнис и не може да создаде специјални позајмици за жени: тие ќе треба да го проценат ризикот, покритието и позајмицата исто како за кое било лице или бизнис. Во такви ситуации, испитајте ги алтернативите кои можат да бидат реалистични, како локално водени мали штедилници или единици за микро-кредитирање и обезбедете дека сите пријави се еднакво третирани.

- Користете ги медиумите за пренесување на пораката; ова ќе помогне да се образува публиката и на тој начин и да се стекне јавна поддршка за покренатите прашања и да се подигне свесноста за предлозите за застапување.

Конкретни препораки:

- Женските НВОи активни во **Берово** и **Гевгелија** треба да го зголемат членството и да се запознаат со повеќе со раководењето со волонтери. Најуспешните НВОи се обично оние кои кои имаат широка поддршка од луѓето кои ги претставуваат. НВОите ќе бидат поуспешни во нивното застапување доколку можат да им покажат на лоалните службеници дека тие ја имаат поддршката на голем број лица, но за да се направи тоа НВОите ќе треба да подадат рака на нивните заедници и да се осигураат

дека соодветно ги претставуваат гледиштата на нивните членови и да ја здобијат нивната доверба.

- Дополнително, во **Берово** локалната организација на жени треба да ги ревидира своите мисија и цели. Членовите треба да идентификуваат конкретни активности кои ќе ги преземат и да изготват проекти за спроведување. Исто така, организацијата треба да преземе актовности кои се важни за заедницата. По оваа основна работа организацијата може да реши дали мрежата на женски НВОи е патот за нив (на пр. СОЖМ).

- НВОите **во сите три општини** (особено силните и искусни женски НВОи во **Струга**) треба да го вклучат економското зајакнување на жените во нивната мисија и во нивните акциски планови. Зголеменото политичко учество на жените, подобрената социјална грижа и образование за жените се најчесто наведуваните цели на локалните организации на жените. Иако повеќето интервјуирани претставници на НВОи ја истакнуваат потребата од економска независност на жените за да постигнат вистинска еманципација, тие ретко ја вклучуваат економската одржливост на жените во нивните програми. Во пазарна економија, банките се бизниси и не може да создадат специјални позајмици за жени. Банките мора да го проценат ризикот, покритието и позајмицата подеднакво. Со оглед на ова, алтернативи методи на финансирање треба да бидат развиени како мали штедилници или единици за микро-кредитирање.

- Во **сите три општини** и особено во **Берово** и **Гевгелија**, направете јасен список на приоритетите на потребите на жените во заедницата и користете ги за развивање на сопствени програми. Одете чекор-по-чекор и бидете реалистични во барањата.

**За Локалните агенции за развој (ЛАР):**

- потребата од услугите кои веќе ги обезбедуваат ЛАР **во сите три општини** е огромна. Во иднина активностите треба да останат во развивање на локалниот економски развој. Во оваа смисла ЛАР треба да бидат институционализирани во рамките на единиците на локална самоуправа како оддели за локален економски развој. Вработените во ЛАР ги имаат потребното искуство во правење проценки, собирање информации, обезбедување врски со надворешни експерти како и вештини на раководење со грантови. Локалните самоуправи може да ја искористат нивната експертиза. Ова е особено случајот во **Берово** каде на ЛС и е потребна поддршка за локален економски развој. Друга

можност (особено за **Струга** и **Гевгелија**) е ЛАР да се воспостават себе си како независни агенции за поддршка на развојот обезбедувајќи услуги во областа на пристап до пазарите за бизнисите. Во такви случаи локалната самоуправа ќе биде обврзана да ги користи ресурсите обезбедени од овие агенции како и да ги канализира нивните фондови преку агенциите за обезбедување услуги кои тие самите не можат да ги спроведуваат (на пример раководење со грантови). Која улога и да ја одберат, ЛАР може да помагаат на други локални институции и ентитети (како на Агенцијата за развој на земјоделство) да им обезбедат поддршка на женските економски активности.

- Без оглед дали ќе се воспостават себе си како одделенија на локалната самоуправа или како агенции за поддршка на развојот, **во сите три општини** ЛАР треба да изработат специјални планови за зголемување на економското учество на жените. Ова може да се направи помагајќи ги во регистрирањето бизниси, обезбедување мали грантови за започнување бизнис и овозможување пристап до пазарот. На жените фармерки/ производителки/земјоделки може да им се помогне со стекнување одредени вештини како вештини за раководење со фарма, изготвување буџети на фарма и изготвување бизнис планови. ЛАР исто така можат да помогнат да се зголеми мотивацијата на жените за легални економски активности преку промовирање "успешни стории" од економските искуства на жените во различни области. ЛАР треба да поддржат и да го поттикнуваат процесите на здружување на жените во задруги за заедничко производство и претставување на пазарот.

- ЛАР во **сите три општини** треба да играат главна улога во задоволување на потребите за градење капацитет на здруженијата на жени и бизниси. Две сфери треба да бидат покриени: еден дел да се однесува на технологиите и процесите (пазарно насочени активности, бизнис планирање, буџети за фарми, нови технологии на производство, нови производи) и друг дела да се однесува на организациски развој и институционално јакнење (човечки ресурси, раководење, вештини на преговарање, англиски јазик и компјутери). ЛАР исто така може да обезбедуваат скроени обуки за различните видови земјоделски активности за да го зголемат степенот на знаење на жените во областа. Обуката може да ги обучи жените производители (на пример собирачите на печурки или билки или производителите на млеко итн.) за стандардите за квалитет и нивото на квалитет потребно за да ги продаваат нивните производи на одредени пазари. Дополнително, потребни се маркетинг вештини или вештини за пласирање на пазарот како и финансиски услуги. ЛАР не мора нужно да бидат обезбедувачи на сите овие обуки туку повеќе да служат како медијатори во процесот.

- Во **сите три општини** ЛАР треба да работат на мотивирање на жените и упатување кон подготовка на преработена храна наместо продавање сурови материјали. На пример сушење печурки, јаболка, смокви, други овошја и зеленчуци, пушење риба или нивно конзервирање ќе донесат повеќе пари отколку да се продаваат тие свежи. Дополнително, жените може да бидат поттикнати да произведуваат сувенири од дрво или волна отколку да ги продават наголемо. Ова ќе овозможи поголем профит и ќе ги направи помалку зависни од фактори кои тие секогаш не може да ги контролираат како временските услови или обезбедување соодветно складирање на свежите продукти.

- Бидејќи жените имаат тенденција да имаат помалку предрасуди во однос на традиционалното производство и може да бидат носителки на промена и модернизација ЛАР треба да се обидат да ги вклучат жените во економијата преку промовирање нови производи и нови технологии како и идеи. На пример во **Гевгелија**, ЛАР може да проценат можни области на проширување и да ги поддржат жените да произведуваат не само стандардни рано-градинарски производи туку помалку познати производи како аспарагус, полжави, цвеќиња како и да го оживеат традиционалното производство на уметничка свила. Во **Берово**, ЛАР може да ги поттикнат жените да произведат мед и производи од мед, локални традиционални храни и волнени облеки, додатоци, ќилими и украси, сушени органски производи, како и нови видови млечни производи. Во **Струга**, жените може да започат со конзервирање (пушење, сушење.. итн.) риби, производство (ткаење, плетење) на додатоци во традиционален стил и облека, обработување на сопствената земја според нови технологии и да произведуваат млечни производи. Во Струга жените можат да нудат туристички услуги во форма на ноќевање со појадок (бед&бреакфаст) во приватни куќи.

- Во **сите три општини** жените треба да бидат поттикнати да земат поактивно учество во здруженијата (особено професионалните) како здружение на фармери, на жени фармери, на производители на вино итн. и да обезбедат улоги на донесување одлуки. ЛАР треба активно да го промовираат учеството на жените и женското лидерство во врска со овие здруженија.

## Дизајн на обуката

Во врска со горенаведените препораки, ЦИРа го предлага следниот план за обука и градење капацитет:

| **Предложени модули за обука:** | **Целна публика:** | **Очекувани резултати** |
|---|---|---|
| Основна / напредна обука за родовите (пристапот на човекови права, поделба на улоги и одговорности меѓу мажите и жените, нови трендови во родовата ендаквост во домот, на работа и во општеството). | Персоналот на ЛС, членовите на родовите комисии, НВО претставници, претставници на деловниот сектор во заедницата | - да се поттикне поголемо учество на жените на пазарот на трудот;<br>- да се зголеми прифатеноста на женските бизниси во заедницата |
| Менторирање за започнување бизниси водени од жени | ЛАР | - да им се помогне на жените да ги зајакнат претприемачките идеи и иницијативи;<br>- да обезбеди насока, водење и менторирање во процесот на воспоставување бизнис |
| Родово слевање во сите области и родово буџетирање | Раководните тимови на ЛС, лидери на НВОи, училишни директори и други директори и претставници на институции | - да се иницира родово-специфична поддршка во заедницата;<br>- да се промовира потребната посветеност од страна на раководните тимови во заедницата во врска со родот |
| Воспоставување протоколи во заедницата за зајакнување на жените | ЛС, родови комисии, институции, НВО претставници, бизнис групи; | - да се промовира посветеност за јакнењето на жените;<br>- да се изготват протоколи за јакнењето на жените во неколку области - здравствен статус, општествен живот, економски статус итн.<br>- да се идентификуваат лидери во заедницата одговорни за спроведување на протоколите |
| Акциско планирање за пристап координиран од заедницата кон родовото претприемништво | ЛС, родови комисии, агенции за вработување, НВО претставници, други релевантни институции (подрачни единици на министерства, агенции за развој на | - да се воведе партиципативна методологија со цел да се создаде пристап координиран од заедницата за стимулирање женско претприемништво;<br>- да се подобрат мерките за спроведување и одржливост во женското претприемништво на локално ниво |

| | | |
|---|---|---|
| | земјоделството итн.) и локални бизниси итн. | |
| Застапување и лобирање за подготовка на државна легислатива за родова еднаквост | родови комисии, НВО претставници, | - да застапуваат и лобираат за подобрување на правилата во областа на родовата еднаквост;<br>- да ги информираат членовите на заедницата за потешкотиите со кои се соочуваат жените. |
| Започнување и раководење нови бизниси (мали и средни претпријатија) | Поединци и групи жени кои покажуваат интерес за започнување бизнис | - да се им се помогне на групи жени и поединци да започнат и раководат бизнис;<br>- да се зајакне претприемничкиот став меѓу жените во локалните заедници |
| Вештини на медијација / преговарање за пристап до фондови | ЛС, ЛАР | - да стекнат вештини да привлечат финансии за развој на заедницата (заеми, кредити, грантови итн.);<br>- ЛАР да играат улога на гарант за заеми за мали и средни претпријатија водени од жени;<br>- ЛАР или ЛС во улога на медијатори да воспостават фондација за заедницата |
| Воспоставување и развивање задруги | ЛС, ЛАР, женски групи со слична мисија | - да се воведе концептот на задруги и да претстават нивните јаки страни и користа;<br>- да се помогне во развојот на заеднички пристап до пазарот |
| Бизнис лидерство и раководење со мали и средни претпријатија (напреден курс) | Поединци и групи жени насочени кон развивање бизнис | - да се пренесат вештини во раководењето бизнис;<br>- да се обезбедат алатки и методи за разрешување чести проблеми во лидерството и раководењето |
| Самодовербата кај жените и на пазарот на трудот | Поединци и групи жени групи насочени кон развивање бизниси (насочувајќи се кон оние кои се заинтересирани да започнат свој бизнис или веќе започнале свој бизнис) | - да се зголеми самодовербата и сигурноста кај жените во работната средина;<br>- да се поттикнат/прошират женските деловни иницијативи во заедницата |

| | | |
|---|---|---|
| Јакнење за преговарање | Локални женски деловни групи | - да се зголеми самодовербата кај жените во процесот на преговарање;<br>- да се стекнат практични вештини за преговарање |
| Пристап до пазарот | Локални женски деловни групи, ЛАР, ЛС | - да се воведат нови идеи во пристапот до пазарот;<br>- да се изградат алатки и техники за да се биде успешен на домашниот и/или странскиот пазар;<br>- да се обучат ЛАР да дејствуваат како медијатори во процесот на пристап до пазарот |
| Бизнис планови за мали и средни претпријатија | Локални женски деловни групи, ЛАР, ЛЕР лице/оддел во ЛС | - да се изготви конкретен производствен деловен план вклучувајќи: изготвување на структурата на компанијата, дефинирање на пазарот, финансирањето и конкуренцијата |
| Раководење со маркетинг | Локални женски деловни групи, ЛАР, ЛЕР лице/оддел во ЛС | - да се воведе потребата од стратегија за маркетинг;<br>- да се изготви конкретен план за маркетинг |
| Презентации на студии на случај за организации од успешни женски деловни приказни | Локални женски деловни групи, други членови на деловната заедница | - да се зголеми вклучувањето на жените во пазарот на трудот;<br>- да се зголеми прифаќањето на женските бизниси на локално ниво |
| Развој на вештини (меѓучовечки вештини, вештини за деловна комуникација, преговарање , техники за одржување состаноци итн.) | Локални женски деловни групи | - да се подобри комуникацијата меѓу бизнисите и вработените;<br>- да се развијат критични меѓучовечки и професионални вештини потребни во динамично работно опкружување |
| Обука за информатичка технологија | Локални женски деловни групи | - да се подобрат можностите за создавање меѓународни деловни контакти, вмрежување;<br>- да се стекнат релевантни деловни информации за меѓународниот пазар |
| Стратешко планирање, Раководење со проектен | родови комисии, НВОи | - да им овозможат на родовите комисии и претставниците на |

| | | |
|---|---|---|
| циклус, Набљудување и оценување | | НВОите да поставуваат приоритети, идентификуваат цели и задачи, развиваат планови за акција, идентификуваат партнери за спроведување, набљудуваат и го оценат влијанието и резултатите |

Како дополнение на планот за обука и градење капацитет даден погоре, треба да бидат воведени посебни вештини и информации во областа на производните технологии и стандарди. Жените кои започнуваат сопствен бизнис ќе имаат посебни области на интерес дефинирани од секоја општина.

Производните технологии се однесуваат на производство, преработка и пакување како и постигнувањето на ЕУ стандардите за секоја област за да се прошири капацитетот за конкурентност на европскиот пазар.

| **Технологија/процесирање** | **Берово** | **Гевгелија** | **Струга** |
|---|---|---|---|
| Лиценцирање и упатување | - за собирање овошја, билки и зеленчуци (боровници, шипки, печурки, јаболки, билки, зачини итн.);<br>- за традиционални храни ( со оглед на идниот развој на туризмот);<br>- за изработкана сувенири и ракотворби | - за производство на овошја и зеленчуци (печурки, аспарагус, киви, калинки итн.);<br>- за традиционални храни ( со оглед на идниот развој на туризмот) | - за традиционални храни ( земајќи го предвид развојот на туризмот како приоритет во општината);<br>- туристички водичи;<br>- пансиони (бед&бреакфаст) |
| Преработка во земјоделството/ сточарството/винарството | - овошја, билки и зеленчуци (боровници, шипки, печурки, јаболки, билки, зачини итн.);<br>- млечни производи;<br>- обработка на компир | - овошја и зеленчуци (пиперки, домати, дињи, лубеници итн.);<br>- органски ѓубрива;<br>- хортикултура;<br>- производство на вино | - овошја и зеленчуци (пиперки, домати, малини, јаболка итн.);<br>- производство на месо;<br>- органски ѓубрива;<br>- хортикултура;<br>- преработка на риби (конзервирање итн.) |
| Преработка во текстилот | - текстилното производство да го надмине лон | - текстилното производство да го надмине лон | - текстилното производство да го надмине лон |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | системот и да создаде услови за нови и уникатни линии на облека;<br>- производство на производи од фина волна (искористување на веќе постоечките, традиционално произведени, ткаени, плетени малешевски мотиви) | системот и да создаде услови за нови и уникатни линии на облека;<br>-обнова на традиционалното производство и преработка на свила | системот и да создаде услови за нови и уникатни линии на облека (завеси, штофови за мебел итн.);<br>- производство на производи од фина волна (перници, облека итн.) |
| Пакување | Да се направи дизајн и да се пакуваат полу-обработените или финалните производи на привлечен начин; | Да се направи дизајн и да се пакуваат полу-обработените или финалните производи на привлечен начин; | Да се направи дизајн и да се пакуваат полу-обработените или финалните производи на привлечен начин; |
| ЕУ стандарди | Овошја, билки и зеленчуци како и млечни производи да ги достигнат ЕУ стандардите / да добијат сертификати | Овошјата и зеленчуците и виното да ги достигнат ЕУ стандардите / да добијат сертификат | Месото и млечните производи да ги достигнат ЕУ стандардите / да добијат сертификат |

Важно е да се има предвид дека предложениот план за обуки за градење капацитети и планот за развојот на технологиите се засновани на интервјуираниот примерок (не секогаш статистички репрезентативен). Важно е следниот чекор да биде идентификување на целна група во рамките на општините и развивање на поконкретен план за жените во односните општини. Може да бидат потребни дополнителни области на развој.

# Библиографија


1. **Социоекономски диспаритети меѓу општините во Македонија, публикација 1,** *Верица Јанеска, Аница Драговиќ, Ило Трајковски, Димитар Богов, Александар Ивановски*, Министерство за локална самоуправа, УНДП, ноември 2004, Скопје.
2. **Податоци и индикатори за општините во Македонија, публикација 2**, *Верица Јанеска, Аница Драговиќ, Ило Трајковски, Димитар Богов, Александар Ивановски,* Државен завод за Статистика, Министерство за локална самоуправа, Програма за развој на Обрединиетите нации, ноември 2004, Скопје.
3. **Профили на општините во Македонија**, **публикација 3**, *Верица Јанеска, Аница Драговиќ, Ило Трајковски, Димитар Богов, Александар Ивановски,* Државен завод за Статистика, Министерство за локална самоуправа, Програма за развој на Обединетите нации, ноември 2004, Скопје.
4. **Report of the Republic of Macedonia on the Millennium Development Goals**, Government of the Republic of Macedonia, June 2005, Skopje.
5. **Census of population, households and dwellings in the Republic of Macedonia 2002, final data**, Republic of Macedonia, State Statistical Office, May 2005, Skopje.
6. **Извештај за навремено предупредување,** *Ибрахим Мехмети, Руфи Османи*, *Сашо Ордановски, Слаѓана Тасева*, УНДП, декември 2005, Македонија.
7. **Евалуацаја на родовите механизми на локалната самоуправа во микро-регионот на ГПКТ,** *Кристина Хаџи-Василева*, ИстВест Институт, јуни 2005.
8. **Нацрт-закон за еднакви можности**, Министерство за труд и социјална политика, декември 2005, Скопје.
9. **Програма за поттикнување инвестиции во Република Македонија,** Влада на Република Македонија, Министерство за економија, 11 август 2003, Скопје.
10. www.undp.org.mk
11. www.osce.org/skopje
12. публикации и податоци од Локалните агенции за развој во Берово, Гевгелија и Струга
13. www.europa.eu.int
14. www.worldbank.org
15. www.gevgelija.gov.mk
16. www.struga.gov.mk